**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Самостојно одделение за стратешко планирање**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2025 ГОДИНА

**март 2026 година**

# СОДРЖИНА

1 ПРОГРАМИ......4
2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ......7
2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ......8
2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА......8
2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ......22
2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ......33
2.1.4 ПРОГРАМА: ДАНОЧНА И ЦАРИНСКА ПОЛИТИКА......46
2.1.5 ПРОГРАМА: ФИНАНСИСКИ СИСТЕМ......53
2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕУ......59
2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР......81
2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА......96
2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2025 година......101
2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа......105
3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ......111
3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2025 година......111
3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки......112
4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ......112
5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ......113

## ВОВЕД

Министерството за финансии преку успешно управување со јавните финансии се стреми да постигне повисок економски раст и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Република Северна Македонија, притоа креира и спроведува транспарентен и кредибилен систем кој ќе стимулира фер и одржлив економски раст во Република Северна Македонија.

Специфичностите на Министерството за финансии се тесно поврзани со подготовката на следните стратешки документи: Фискална стратегија со која се дефинира среднорочната фискална и макроекономска политика и Стратегијата за управување со јавен долг, Буџет на Република Северна Македонија, Програма на економски реформи и Програма за управување со јавните финансии, со која се дефинираат реформите во областа на јавните финансии во функција на подобрување на ефикасноста и ефективноста на јавните финансии. Истовремено, Министерството за финансии, во рамките на своите надлежности, обезбедува контрола и надзор врз финансиското и наменското користење на средствата доделени од Европската Унија и го координира исполнувањето на обврските што произлегуваат од програмата НПАА и другите стратешки документи за европска интеграција.

Специфичностите на Министерството за финансии произлегуваат и од законските овластувања во делот на јавните набавки и јавната внатрешна финансиска контрола, а воедно се поврзани и со активности во борбата против организираниот криминал, корупцијата, спречување перење пари и финансирање тероризам.

Министерството за финансии го координира и надгледува спроведувањето на политиките во работата на Царинската управа, Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Управата за финансиска полиција, Бирото за јавни набавки и Државниот девизен инспекторат, како органи со својство на правно лице, како и на Управата за имотноправни работи, сите како органи во состав на Министерството за финансии.

# 1 ПРОГРАМИ

Во текот на 2025 година, активностите на Министерството за финансии беа насочени кон остварување на стратешките определби на Владата на Република Северна Македонија за интензивирање на процесите за интеграцијата во ЕУ, справување со светската енергетска криза, постигнување долгорочен и одржлив економски раст, одржување на финансиската и макроекономската стабилност, зголемување на конкурентноста на економијата, подобрување на наплатата на приходите, редуцирање на сивата економија и рационално и наменско трошење на јавните средства, што ќе придонесе за подобрување на животниот стандард на населението.

Во рамките на своите законски надлежности, Министерството за финансии во 2025 година, ги реализираше следните програми со мерки и активности коишто се во функција на остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и приоритетите и целите на Министерството за финансии содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2024 -2028 година (објавено во „Службен весник на РСМ", бр177/24):

- обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото;
- економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;
- унапредување на националната одбранбена политика и на планирањето во функција на заштита на независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и придонес во колективната безбедност;
- интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;
- сеопфатно подобрување на квалитетот, инфраструктурата и достапноста во образованието, создавање општество базирано на знаење и успешно справување со современи предизвици;
- професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и на стартап екосистемот;
- создавање амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени и
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор, јакнење на мултикултурната кохезија и промоција на мултикултурните вредности.

За остварување на наведените стратешки приоритети Министерството за финансии презема мерки што ќе придонесат за нивна реализација, притоа дефинирајќи ги следните приоритетни цели:

- зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;
- одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и засилен мониторинг на користењето на и располагањето со јавните средства;
- предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;
- подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;
- намалување на сивата економија и поттикнување приватна иницијатива и инвестиции;
- унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;
- подобрување на локалните јавни услуги и зајакнување на капацитетите на општините;
- ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;
- подобрување на законската институционална и оперативна рамка во превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија;
- стручна, професионална и департизирана администрација; и
- дигитализирана јавна администрација.

Со Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2025 година предвидено е да се имплементираат вкупно 8 програми, и тоа:

- **ПРОГРАМА: Администрација и поддршка**
  - Потпрограма: Правни работи
  - Потпрограма: Општи работи
  - Потпрограма: Човечки ресурси
  - Потпрограма: Финансиски прашања
  - Потпрограма: Внатрешна ревизија
  - Потпрограма: ИК технологија и дигитализација
  - Потпрограма: Стратешко планирање
  - Потпрограма: Академија за јавни финансии

- **ПРОГРАМА: Економска политика и развој**
  - Потпрограма: Макроекономски политики
  - Потпрограма: Развојни проекти

- **ПРОГРАМА: Буџет, трезор и јавен долг**
  - Потпрограма: Буџети и фондови
  - Потпрограма: Трезор
  - Потпрограма: Управување со јавен долг

- **ПРОГРАМА: Даночна и царинска политика**
  - Потпрограма: Политика за јавни приходи од акцизи
  - Потпрограма: Даночна политика
  - Потпрограма: Царинска политика

- **ПРОГРАМА: Финансиски систем**
  - Потпрограма: Банкарски и небанкарски институции
  - Потпрограма: Пазар на капитал
  - Потпрограма: Сметководствен систем, ревизија и систем на плаќања
  - Потпрограма: Игри на среќа и забавни игри
  - Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување

- **ПРОГРАМА: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија**
  - Потпрограма: Управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА
  - Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)
  - Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција
  - Потпрограма: Меѓународни финансиски односи
  - Потпрограма: Управување со јавни инвестиции

- **ПРОГРАМА: Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор**
  - Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола
  - Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор

- **ПРОГРАМА: Управување со државни средства**
  - Потпрограма: Нормативно имотноправни и облигациони работи
  - Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците

# 2 ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

Во 2025 година, во процес на реализација беа 93.6% од активностите од кои 37,6% целосно се реализираа, а 56,0% се тековни активности кои се извршуваат во континуитет, додека 6,4% се одложени/нереализирани. Дополнително имаме и 44 активности кои не биле планирани во Годишниот план за 2025 година а се реализирани, како и 9 непланирани активности кои отпочнаа со реализација во 2025 година.

***Степен на реализација во Годишниот план за 2025 година***

| Програми | планирани активности (I+II+III) | реализирани активности (I) | одложени/ нереализирани активности (II) | тековни активности (III) | непланирани активности (реализирани) | непланирани активности (во тек) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Администрација и поддршка | 72 | 26 | 5 | 41 | 2 | / |
| Економска политика и развој | 20 | 15 | / | 5 | / | / |
| Буџет, трезор и јавен долг | 59 | 19 | / | 40 | 16 | 3 |
| Даночна и царинска политика | 25 | 14 | 4 | 7 | 2 | 1 |
| Финансиски систем | 25 | 4 | 6 | 15 | 1 | / |
| Меѓународни финансии и соработка со ЕУ | 40 | 18 | 2 | 20 | 21 | 3 |
| Јавна внатрешна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор | 20 | 6 | / | 14 | 1 | 2 |
| Управување со државни средства | 21 | 4 | 1 | 16 | 1 | / |
| Вкупно | 282 | 106 | 18 | 158 | 44 | 9 |
| % | 100 | 37,6% | 6,4% | 56,0% | | |

# 2.1 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ И ПОТПРОГРАМИТЕ

## 2.1.1 ПРОГРАМА: АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОДДРШКА

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="3">– професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и стартап екосистем;</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="3">– Административна и информатичка поддршка на Министерството во насока на непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, подготовка за изготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа, месечни, квартални и годишни извештаи за реализација на Годишниот план за работа на Министерството за финансии, Извештај за остварени резултати од спроведувањето на стратешките приоритети, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки, изготвување Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и изготвување акти за канцелариско и архивско работење</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.1 Програма: Администрација и поддршка</td><td colspan="2">Цел на програмата:<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, постапување по барања на подносителите на барања согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии како и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии, како и спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци од областа на јавните финансии</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за правни работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор Академија за јавни финансии</td></tr>
<tr><td>2.1.1.1 Потпрограма: Правни работи</td><td colspan="2">Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори, донесени решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за правни работи</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>Реализација на Годишен план за јавни набавки</td><td>Реализација на Годишниот план за јавни набавки и обезбедување на потребите стоки/услуги/работи за непречено функционирање на институцијата</td><td></td><td>Реализација на Планот за јавни набавки за 2025 година: објавени огласи - 88</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Донесување решенија по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер | Донесени управни акти во првостепена управна постапка и доставување до барателите и до Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер | Континуирана соработка со секторите во Министерството за финансии и органите во состав | По сите предмети се постапува навремено и во законскиот рок |
| Изготвување Годишен извештај согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Се изготвува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во предвидениот законски рок | Годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е изготвен во законскиот рок и доставен до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| Давање мислења по закони, подзаконски акти и други прописи што се во надлежност на Министерството, а кои ги изработуваат организационите единици во Министерството, мислења по закони, подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законските и подзаконските акти во надлежност на Министерството доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа | Доставени мислења по закони, подзаконски акти и други прописи што се во надлежност на Министерството, мислења по законски и подзаконски акти, колективни договори и други прописи доставени по барање на Владата на РСМ и други органи на државната управа, мислења по поднесени иницијативи за изменување и дополнување на законите и подзаконските акти во надлежност на Министерството до Влада на РСМ | Континуирана соработка со секторите во Министерството за финансии и со органите во состав на Министерството за финансии | По сите барања на мислење од надлежност на оделението се постапува навремено и во законскиот рок и истите се реализирани |
| Давање одговори на тужби, жалби и други правни лекови, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ | Давање одговори на тужби, жалби и други правни лекови, поднесени иницијативи до Државното правобранителство на РСМ | Континуирана соработка со секторите во Министерството за финансии и Државното правобранителство на Република Северна Македонија | По сите судски предмети од надлежност на оделението се постапува навремено и тековно и во законскиот рок и истите се реализирани |
| Следење и реализација на договори за јавни набавки/ рамковни спогодби, договори по исклучок од ЗЈН и договори/анекси со СОЗР | Договорите се реализираат во согласност со одредбите предвидени во договорите и рамковните спогодби | | Склучените договори во согласност со ГПЈН се следат и реализираат континуирано. |
| Изготвување на решенија за овластување на државни службеници за потпишување на акти, Решенија за формирање на вработни групи и комисии, Решенија за овластени потписници на денарски и девизни сметки, Решенија за ракување со службени печати и штембили на Министерството | Решенија за овластување на државни службеницiза за потпишување на акти, Решенија за формирање на работни групи и комисии, Решенија за овластени потписници на денарски и девизни сметки, Решенија за ракување со службени печати и штембили на Министерството | Континуирана соработка со секторите во Министерството за финансии | Решенијата од надлежност на оделението се изготвуваат навремено и тековно и истите се реализирани |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.2 Потпрограма: Општи работи** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | **Одговорен:**<br>- Сектор за општи работи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Следење и реализација на договори за јавни набавки, договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР<br>* (Со последните промени во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесени во јуни 2025 година, направена е промена во надлежностите во Сектор за општи работи, при што одделението за реализација е во состав на Секторот за правни работи а со тоа и дел од надлежностите се распределени во тоа одделение.) | Во наведениот периодот континуирано се следи реализацијата на склучените договори за јавни набавки | Воспоставени евиденции во Секторот за општи работи за следење и реализација на договорите за јавни набавки и договори по исклучок од ЗЈН и договори склучени преку СОЗР | Во наведениот период континуирано се вршеа порачки за набавка согласно склучените договори за јавни набавки во 2024 и 2025 година, а посебно за набавка на хартија, потрошен материјал за одржување на хигиена (тоалетна хартија, бришачи за раце, сапун) канцелариски потрошен материјал, за одржување и сервисирање на возилата на МФ и УИПР, објавување на огласи во печатени медиуми и објавување на огласи во Службен весник на РСМ и други активности поврзани со договорите за јавни набавки и општи работи.<br>Во овој период се склучија 5 договори без примена на ЗЈН и 1 Решение |
| Следење на Одлуката за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење | Во наведениот периодот континуирано се следи Одлуката за определување корисници на службен мобилен телефон и начинот на надоместување на месечниот трошок за користење. Изготвени се 6 (шест) решенија за нови корисници на службени мобилни телефони за вработените лица во Министерството за финансии. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење, контрола и одржување на имотот на Министерството за финансии (движен и недвижен имот) | Во наведениот периодот, согласно со склучените договори, континуирано се одржува движниот и недвижниот имот на Министерството за финансии. | Согласно со склучените договори континуирано се одржува движниот и недвижниот имот на Министерството за финансии. | Континуирано и навремено се вршеа поправки, чистење на системот за климатизација -внатрешни и надворешни единици, аудио визуелна опрема, видео надзорот, времена станица, возила и др. |
| Преведување закони и подзаконски текстови и други пишани материјали, исклучиво од делокругот на работа на Министерството, од македонски на англиски јазик и обратно и од македонски на албански јазик и обратно | Во наведениот период континуирано се вршеше превод на документите согласно потребите на Сектор Кабинет на министерот и за потребите на секторите во Министерството за финансии. | | Во континуитет и навремено се вршеше превод на документи, закони, акти и други дописи кои произлегуваат од Министерството за финансии. |
| Одржување и техничка исправност на опремата и инвентарот во зградата на Министерството | Опремата и инвентарот во зградата на Министерството за финансии континуирано се одржуваат во наведениот период. | Согласно со склучените договори континуирано се води грижа за одржување и техничка исправност на опремата и инвентарот во зградата на Министерството за финансии. | Во наведениот период изготвени се порачки за набавка на потршни делови за зградата на Министерството за финансии кои конинуирано се менуват по потреба. Исто така вршени се поправки и отстранувања на детектирани недостатоци и неисправности на опремата и инвентарот. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Реализација на Годишен план за вработување | Донесување на Годишниот план за вработување во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Реализација на Годишен план за генерички обуки на административни службеници | Донесување на Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.4 Потпрограма: Финансиски прашања** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>Целта на програмата/потпрограмата „Финансиски прашања“ во рамки на Министерството за финансии е да обезбеди финансиска стабилност и ефикасно управување со јавните средства, со акцент на редовно и навремено сервисирање на сите финансиски обврски на Министерството. Ова вклучува задолжително плаќање на долговите и обврските кон давателите на услуги, како и обезбедување ликвидност за реализација на планираните активности. Клучен аспект на програмата е подготовката на Завршната сметка на Министерството за финансии, која овозможува преглед на фискалната позиција на Министерството, како и изработката на основни сценарија за приходи и расходи, како и на предлог-буџетот | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски прашања |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Редовно сервисирање на обврските на Министерството за финансии | Прием на влезни фактури преку архивата на Министерството за финансии, вклучувајќи и фактури кои се однесуваат на 34 подрачни одделенија на Управата за имотно правни работи и Државниот Девизен инспекторат.<br>Редовно и навремено сервисирање на сите обврски на Министерството, со исполнување на сите задолжителни плаќања согласно договорените услови и рокови | Во текот на годината се врши навремено сервисирање на обврските согласно добиената документација и во предвидените рокови. Сепак, во одредени случаи постојат мали задоцнувања, но тие немаат значително влијание врз целокупниот процес | Нема позначајни одложувања или проблеми во сервисирањето на обврските. Финансиските обврски согласно договорените услови се главно исполнети, а задоцнувањата што се случиле се минимални и не предизвикале нарушување на тековните операции. Со цел подобрување на ефективноста, во тек се активности за дополнителна автоматизација на процесот на прием и обработка на фактури |
| Учество во реализацијата на проектот „Купи куќа, купи стан“ | Прием на документација за исплата, која вклучува: Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенции и Известување за исплата на субвенција.<br>Навремена и точна обработка на примената документација и исплата на субвенциите согласно одобрените услови и предвидените рокови | Процесот на исплата се одвива навремено, согласно добиената документација за исплата (Одлука за одобрување субвенција, Образец за исплата на субвенција и Известување за исплата на субвенција), и нема поголеми задоцнувања во реализацијата. Сепак, постојат области за подобрување во ефективноста и брзината на обработка | Ризик кој може да влијае врз успешното спроведување на активноста е ненавремено доставување на целокупната документација до Секторот за финансиски прашања, што може да доведе до забавување на процесот на обработка и исплата на субвенциите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Спроведување попис на средствата и изворите на средства на Министерството | Усвојување на Извештајот за извршениот попис на средствата и на изворите на средства<br>Евидентирање на промените од пописот во програмата за основни средства со цел целосно ажурирање на податоците | Врз основа на извештаите од комисиите, изготвено е Решение за усвојување на Извештајот за попис на средствата и на изворите на средства | Ризик што може да влијае врз успешното спроведување на активноста вклучува оштетени или неозначени баркод-лепенки со инвентарни броеви на дел од основните средства, што може да го отежне точното идентификување и евидентирање на средствата. Дополнително, постои ризик во однос на стручноста и ажурноста на членовите на пописните комисии, што може да влијае врз точноста на пописот. За да се минимизираат овие ризици, потребно е да се обезбедат дополнителни обуки за членовите на пописните комисии и да се изврши проверка и замена на оштетените баркод-лепенки пред започнување на пописот |
| Завршна сметка на Министерството за финансии | Изготвување на Завршната сметка на Министерството за финансии и навремено доставување до Централниот регистар и Државниот завод за ревизија<br>Завршната сметка за 2024 година е изготвена и доставена до надлежните институции, а процесот на подготовка на Завршната сметка за 2025 година треба да започне и заврши согласно законските рокови | Завршната сметка за 2024 година е изготвена и доставена до Централниот регистар и Државниот завод за ревизија согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Процесот на подготовка на Завршната сметка за 2025 година е започнат и се очекува да биде завршен согласно роковите | Во текот на годината се следат сите потребни податоци за подготовка на Завршната сметка и нема забележителни отстапки, со одредени исклучоци.<br>Ризиците што може да влијаат врз успешната реализација на активноста вклучуваат ненавремено доставување на Извештајот од страна на пописните комисии, што може да го одложи процесот на финализирање на Завршната сметка. Дополнително, постои ризик од неможност за усогласување на фактичката состојба со сметководствената состојба поради ненавремено доставување на сите релевантни податоци за усогласеноста на податоците помеѓу материјалната и сметководствената состојба од страна на пописните комисии |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на Основно сценарио за приходи и расходи и нови иницијативи | Утврдување на среднорочните расходи и приходи од „вообичаените надлежности“, кои произлегуваат од постојното законодавство, постојните обврски и задачи<br>Предлагање нови проекти и финансиски обврски, како и разработка на основно сценарио за 2026 година со вклучување на најновите економски и фискални параметри | За изработката на сценариото се користат податоци од организационите единици на Министерството за финансии, органите во состав и проектните единици, кои доставуваат предлози за буџетски средства до Секторот за финансиски прашања (СФП) Дополнително, се анализираат податоците за реализацијата на буџетските средства од претходниот период, што претставува појдовна основа за формирање на сценариото за идната година | Ненавремено добивање предлози од надлежните организациони единици во рамки на МФ, што може да го забави целокупниот процес на изработка на сценариотоДополнителен ризик претставува поднесувањето барања за вклучување на потребните средства по истекот на предвидените рокови, што може да резултира со неефикасно планирање и распределба на ресурсите. Овие одложувања може да го нарушат процесот на буџетирање и да влијаат врз навременото исполнување на буџетските обврски<br>За да се минимизираат овие ризици, потребно е навремено координирање и комуникација со сите вклучени страни |
| Изработка на Предлог-буџетот на Министерството за финансии | Собирање податоци и изработка на анализа за извршувањето на буџетот на Министерството за финансии<br>Доставување на Предлог-буџетот на Министерството за финансии до Секторот за буџети и фондови | Во јули беше испратено циркуларно писмо до сите организациони единици на Министерството за финансии и органите во состав на Министерството под раздел 09001 и врз основа на нивните предлози беа собрани податоци за изработка на Предлог-буџетот. Податоците беа навремено обезбедени и Предлог-буџетот беше доставен до Секторот за буџети и фондови | Ризик кој може да влијае врз успешното спроведување на активноста е ненавремено или недоволно добивање точни и реални предлози од надлежните организациони единици. За да се минимизираат овие ризици, треба да се има јасна временска рамка за доставување на предлозите и да се обезбеди редовно координирање и комуникација со сите организациони единици во Министерството за финансии<br>Навременото обезбедување точни податоци ќе овозможи поефикасно составување на буџетот, а истовремено ќе гарантира транспарентност во процесот |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Воспоставувување и екипирање на Одделението за програмско буџетирање, планирање, извршување и контрола | Програмското буџетирање се базира на анализа на приходите и расходите. Тоа е веќе регулирано во процесите на буџетска координација, а функциите за контрола се вклучени и во тековните активности на контрола на буџетските извршувања Одделението за буџетска координација може да ги исполни новите барања поврзани со програмското буџетирање. Дополнително, оваа структура претставува вграден дел во постојниот буџетски процес, а тоа значи дека многу поефикасно ќе биде да се развие и надогради ова одделение, отколку да се формира ново | Одделението за буџетска координација веќе ги покрива клучните аспекти на буџетското планирање, координација и следење на извршувањето на Буџетот Воспоставувањето на ново одделение за програмско буџетирање може да резултира со дуплирање на функциите и несоодветно распоредување на ресурсите, а тоа може да создаде проблеми со координацијата и да го намали вкупниот капацитет за ефективно извршување на задачите | Постоечкото одделение може да се реорганизира или дополнително да се екипира за да ги покрие новите задачи, што ќе доведе до поефикасна организација без потреба од значителни структурни промени. Дополнително, дел од одредбите од Законот за буџети имаат одложена примена и тие ќе важат од 1.1.2028 година |

| 2.1.1.5 Потпрограма: Внатрешна ревизија | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои склучиле договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Сектор за внатрешна ревизија |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити, согласно годишните планови за внатрешна ревизија | Реализирање на 10 ревизии предвидени со годишните планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии | Спроведени се: ревизија на процесот на евиденција и пријавување на обврски во МФ, ревизија на Компензационите фондови во МФ, ревизија во Секторот за управување со средствата од ИПА, ревизија во Секторот за јавни приходи и даночна и царинска политика, ревизија во Самостојното одделение за стратешко планирање, ревизија на активностите од Реформската агенда 2024-2027 во МФ и ревизија во Советот за унапредување и надзор на ревизијата.<br>Во тек се: ревизија на управувањето со човечки ресурси во МФ и ревизија во Секторот за централно финансирање и склучување на договори. | По барање на раководството на МФ извршена е измена на Годишниот план за внатрешна ревизија на МФ за 2025 година, при што новопланираните ревизии во МФ добија приоритет во однос на ревизиите во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија.<br>Фондот за осигурување на депозити го раскина договорот за вршење ревизија поради што не е реализирана планираната ревизија во овој субјект. |
| Изготвување годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување на 6 годишни извештаи за работата на внатрешната ревизија во Министерството за финансии и во субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии. | Изготвени се 6 годишни извештаи за активностите на внатрешната ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити. | / |
| Изготвување стратешки и годишни планови за внатрешна ревизија во Министерството за финансии, Бирото за јавни набавки, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Фондот за осигурување на депозити | Изготвување на 6 Стратешки и 6 Годишни планови за внатрешна ревизија на Министерството за финансии и на субјектите кои имаат склучено договор за вршење внатрешна ревизија со Министерството за финансии. | Изготвена е Стратегија (со Стратешки план) 2026 – 2028 година и Годишен план за внатрешна ревизија на Министерството за финансии за 2026 година. | Поради измена на законската регулатива, Секторот за внатрешна ревизија изготвува Стратегија (со Стратешки план) и Годишен план за внатрешна ревизија само за Министерството за финансии. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.6 Потпрограма: ИК технологија и дигитализација** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Континуиран развој и одржување на ИКТ-инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, имплементација на ИСО-стандард/код 27002: 2013 за најдобра практика за управување со безбедноста на информациите | | **Одговорен:**<br>– Сектор за ИК технологија и дигитализација |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ во согласност со развојот на новите технологии, стандарди и барањата на други субјекти | Континуирана функционалност на инфраструктурата за ИКТ и континуитет на бизнис-процесите | Следење на серверите и работните станици, апликативните решенија и континуитетот на бизнис-процесите | Континуирано |
| Професионално унапредување на вработените во секторот за ИКТ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Континуиран развој, одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со финансии | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Управување со привилегиран пристап (PAM) | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Превенција на загуба на податоци (DLP) со класификација на чувствителни документи | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Изготвување веб-апликација за изработка на Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Целосна надградба и редизајнирање на МИС на ЦФСД и МИС на УИПР | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| Развој и имплементирање на ИФМИС | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Услуга за управување со Компјутерска безбедност со што дополнително ќе се провери безбедноста на системот за ИКТ | | | Активностите се спроведуваат редовно согласно планираното |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.7 Потпрограма: Стратешко планирање** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите за подготвување на стратешките и планските документи во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Самостојно одделение за стратешко планирање |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на Стратешкиот план на Министерството за финансии за 2026–2028 година<br>Активности:<br>– Донесување и објавување на Стратешкиот план на веб-страницата на МФ | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Стратешки план 2026–2028 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Стратешкиот план за 2026–2028 година | Стратешкиот план на МФ за 2025–2027 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Подготовка, донесување и објавување на ГПМФ за 2025 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Годишен план за работа во 2025 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на ГПМФ за 2025 година | Годишниот план за работа за 2025 година е одобрен и објавен на веб-страницата на МФ |
| Следење и известување за спроведување на Годишниот план за работа на МФ (квартални извештаи) | Кварталните извештаи се подготвуваат согласно Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите ОДУ во процесот на следење, оценување и известување за спроведување на Стратешкиот план и ГП за работа („Службен весник“ бр. 131/18) | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештајот на следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на Годишниот план за работа за 2025 година (квартални извештаи) | Се врши континуирано следење, оценување и известување за спроведувањето на ГПМФ. Кварталните извештаи за следењето, оценувањето и известувањето за спроведувањето на ГПМФ за 2025 година се изготвени и доставени до Кабинетот на министерот |
| Подготовка, донесување и објавување на Извештајот за спроведување на ГПМФ за 2025 година | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Извештај за спроведување на ГПМФ за 2025 година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на Извештај за спроведување на ГПМФ за 2025 година | Извештајот за спроведување на ГПМФ за 2024 година е доставен до ГС на 03.03.2025 година и објавен на веб-страницата на МФ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доставување предлози за утврдување на стратешките приоритети и приоритетни цели за 2025 година | Навремена и квалитетна подготовка на предлозите за приоритетни цели за наредната година | Собирање, интегрирање, проверка на материјалите од надлежните организациони единици во МФ за подготовка на предлозите за приоритетни цели за 2025 година | Доставување предлози за стратешките приоритети и приоритетни цели за 2024–2028 година (24-12113/1 од 26.10.2023 година)<br>Доставување предлози за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети за периодот 2024–2028 година (29-8013/1 од 19.8.2024 година) |
| Законодавна агенда на Владата за 2025 година | Навремено ажурирање на Законодавната агенда | Усогласување, координирање и консултации со засегнатите сектори во МФ за ажурирање на Агендата | Законодавната агенда на Владата редовно се ажурира и навреме се доставени предлозите за настанатите промени во роковите за предлог-законите. |
| Подготовка на Нацрт-стратешки план на МФ и креирање програми, потпрограми и проекти | Навремена и квалитетна подготовка на планскиот документ:<br>– Нацрт-стратешки план за 2026–2028 година | | Доставување на Нацрт-стратешкиот план до ГС на Владата на РСМ (29-11569/1 од 30.10.2025година) |
| Предлог-годишна програма за работа на Владата на РСМ за 2026 година | Навремена подготовка на предлози на акти и материјали (иницијативи) за Предлог–годишна програма за работа на Владата | Собирање, интегрирање, проверка на акти и материјали (иницијативи) од надлежните организациски единици во МФ за подготовка на Предлог–годишна програма за работа на Владата за 2026 година | МФ достави 38 иницијативи до ГС, истите се опфатени во Предлог-програмата, согласно со предвидената динамика |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.1.8 Потпрограма: Академија за јавни финансии** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Зајакнување на капацитетите во областа на јавните финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор Академија за јавни финансии |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Извештај по спроведена анализа за потребата од обука | Изготвен извештај по спроведена анализа за потребата од обуки | Реализирана активност – Изготвен извештај по спроведената анализа за потреба од обуки како постулат за изготвување на Годишната програма за обуки за 2025 година | |
| Изготвување и донесување Годишна програма за обуки за 2025 година | Донесена Годишна програма за обуки за 2025 година | Реализирана активност - Донесена Годишна програма за обуки за 2025 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развој на курикулуми за обука | Развиени курикулуми за обука/ 5 курикулуми за обука | Реализирана активност – Развиени 9 курикулуми за обука согласно насоките предвидени во Прирачник за изготвување курикулум за обука | |
| Организирање и спроведување обуки и испити | Реализирани обуки и испити, издадени потврди за посетени обуки | Делумно реализирана активност – Согласно Годишна програма за обуки за 2025 година планирани беа 11 теми на обуки од кои вкупно се организираа 10 теми. Дел од темите се повторија неколку пати, со што вкупната реализација на обуки согласно со Годишната програма за обука за 2025 изнесува 14 обуки.<br>Дополнително се организираа и 22 ад хок обуки во соработка со партнери и сектори од Министерство за финансии. | Обуката за сметководители во јавниот сектор која е предвидена во Годишната програма за обуки за 2025 година не се реализира од причина што во процес е изработка на нова регулатива за областа. |
| Присутност на социјалните медиуми за зголемена транспарентност и едукација во јавните финансии | Онлајн објавени соопштенија, блогови, статии на официјалната веб страна на Министерство за финансии/ 5 објави | Реализирана активност - Објавени 10 соопштенија за спроведени обуки од страна на Секторот Академија за јавни финансии на веб страната на Министерство за финансии. | |
| Развивање комуникациска стратегија | Изготвена Комуникациска стратегија на Академијата за јавни финансии | Реализирана активност – Изготвена Комуникациска стратегија на Академија за јавни финансии во соработка со експерти во рамките на проектот Поддршка на имплементацијата на ПФМ Програмата 24-27. | |
| Обука за обучувачи (одржливи финансии) за вработените во Академијата за јавни финансии | Реализирана обука за обучувачи (одржливи финансии) за вработените во Академијата за јавни финансии | Реализирана активност - во соработка со експерти во рамките на проектот Поддршка на имплементацијата на ПФМ Програмата 24-27 се спроведе обука за обучувачи во областа на одржливи финансии за вработените во Академија за јавни финансии | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Воспоставување и развој на електронска платформа за обуки | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок како резултат на недостиг на финансиски средства и отсуство на соодветна донаторска поддршка. | Ова одложување доведе до забавување на стратешките цели за дигитализација и модернизација, притоа ограничувајќи го пристапот до едукативни ресурси и намалувајќи го капацитетот за спроведување обуки за вработените во јавниот сектор. | Во наредниот циклус на планирање се препорачува дефинирање на конкретни мерки за финансиска и институционална поддршка, воспоставување партнерства со донатори и јасен временски план, со цел постигнување на резултатите и стратешките цели на програмата/потпрограмата. |
| Развој на видео упатства и насоки | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок од причина што истата зависи од воспоставување на онлајн платформата. | Одложувањето на активноста го забавува развојот на дигиталните ресурси и го одложува пристапот на вработените до иновативни онлајн обуки | Се препорачува обезбедување на техничка и финансиска поддршка за навремено воспоставување на онлајн платформата, со цел да се овозможи реализација на видео упатствата и насоките. |
| Организирање онлајн обуки | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок од причина што истата зависи од воспоставување на онлајн платформата. | Одложувањето на активноста го намалува бројот на административни службеници кои можат да учествуваат на обуките, со што се ограничува ширењето на знаењето и ефектот од обуките. | Се препорачува приоритетно воспоставување на онлајн платформата и организирање на онлајн обуките со цел да се овозможи активно учество на поголем број административни службеници |
| Годишен состанок „Сите заедно“ | Реализацијата на оваа активност не започна во планираниот рок поради финансиски и организациски ограничувања | Одложувањето на состанокот „Сите заедно“ го ограничува обемот на меѓусекторска соработка, размената на искуства и информирањето на засегнатите страни за достигнувањата и приоритетите на Академијата. | Се препорачува годишниот состанок „Сите заедно“ да се планира со навремено обезбедување на финансиски и организациски ресурси, со цел да се овозможи размена на искуства и информирањето на засегнатите страни за достигнувањата и приоритетите на програмата, а со тоа и да се зголеми видливоста на Академијата за јавни финансии како водечка точка во однос на едукацијата на јавниот сектор во областа на јавни финансии |

## 2.1.2 ПРОГРАМА: ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И РАЗВОЈ

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="2">– економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандрад, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;<br>– создавање на амбиент за чиста животна средина и справување со климатските промени;<br>Приоритетна цел:<br>– зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">– зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– подобрено управување со јавните финансии преку етапна консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата/потпрограмата:<br>2.1.2 Програма: Економска политика и развој</td><td>Цел на програмата/потпрограмата:<br>Макроекономска и фискална стабилност и ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст. Постигнувањето на оваа цел ќе доведе до подобрување на благосостојбата и на квалитетот на живот во Република Северна Македонија</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за економска политика и развој<br>– Проектни единици<br>– Сектор Кабинет на министерот<br>– Посебен советник на министерот<br>– Државен советник на министерот за финансиски систем</td></tr>
<tr><td>2.1.2.1 Потпрограма: Макроекономски политики</td><td>Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Креирање и следење на остварувањето на макроекономската политика и подготовка на краткорочни и среднорочни проекции на главните макроекономски индикатори и координација во процесот на подготовка на Програмата на економски реформи</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за економска политика и развој</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</th></tr>
<tr><th>Мерка/активност</th><th>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</th><th>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</th><th>Коментар</th></tr>
<tr><td colspan="4">Мерка 1. Подготовка на Програма на економски реформи 2025–2027 година</td></tr>
<tr><td>Доставување на Предлог-програма на економски реформи 2025–2027 година до ЕК</td><td>Усвоена ПЕР 2025–2027 год. од страна на Владата и доставена до Европска Комисија</td><td>Линк: Програма на економски реформи - Министерсво за Финансии</td><td>ПЕР 2025-2027 година беше усвоена на 43-та седница на Владата одржана на 14.01.2025 год.<br>Министерот за финансии ја достави ПЕР 2025-2027 година до ЕК на 15.01.2025 година.</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во оценувачка мисија на ЕК за ПЕР 2025–2027 година со дискусија за заеднички предлог-заклучоци | Спроведена оценска мисија на ЕК за ПЕР 2024-2026 година | На 14 јануари 2025 година се одржа редовната годишна оценска мисија на ПЕР 2025-2027 год. од страна на Европската централна банка.<br>На 6 февруари 2025 година се одржа оценска мисија од страна на Генералниот директорат за економија и финансии (ГД ЕКФИН) при ЕК. | Оценската мисија е спроведена од страна на ГД ЕКФИН за макро-фискалната и монетарна политика, и се дискутирани заеднички предлог-заклучоци за овој дел. |
| Учество во Економскиот и финансиски дијалог со ЕУ за ПЕР 2025–2027 година и нови заеднички предлог-заклучоци | Одржан ЕКОФИН дијалог и усвоени заеднички заклучоци | Линк: https://www.consilium.europa.eu/en/meetings/ecofin/2025/05/13/ | Економско-финансискиот дијалог помеѓу Европската унија (ЕУ) и Регионалните партнери (земјите од Западен Балкан, Турција, Молдавија и Украина) се одржа на 13 мај 2025 година меѓу „триото“ кое претседава со Советот на ЕУ (Полска, Данска и Кипар) и министрите за финансии и гувернерите на централните банки на земјите-Регионални партнери, каде се усвоија Заедничките заклучоци со конкретни насоки за политики во делот на макро-фискална и монетарна политика за циклусот на Програмата на економски реформи 2026-2028 година. |
| Работилници со институциите, организирани од страна на ЦЕФ – Љубљана, за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2026 – 2028 година | | | На 27 мај 2025 год. одржана е работилница на тема Impact Assessment of Structural Reforms, во просториите на МФ, а во организација на ЦЕФ – Љубљана<br>Во периодот од 29-30 октомври 2025 година одржана е работилница на тема Conducting Economic and Fiscal Impact Assessment of Reforms, во просториите на МФ, а во организација на ЦЕФ – Љубљана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Советодавна мисија на ЕК за предлог-структурните реформски мерки во Нацрт-ПЕР 2026 – 2028 година | | | Во периодот 20-22 октомври 2025 година, во Брисел се одржа конференција со тимовите од земјите на Западен Балкан надлежни за подготвување и следење на Програмите на на економски реформи и Реформските агенди на земјите. На конференцијата беше дискутирано и беа разменети искуства за начинот на подготвување, следење и известување за овие документи. Поради промени во Водичот на ЕУ за подготовка на ПЕР 2026-2028 год., во ПЕР 2026-2028 год. делот за структурни реформи е заменет со дел/Глава за проценка на економското влијание на избрани реформи од реформските агенди на земјите кандидати од Западен Балкан. |
| Започнување нов циклус на подготовка на ПЕР 2026–2028 година и изработка, интегрирање, проверка и коригирање на материјалите од надлежните институции и од секторите во МФ | | | ПЕР 2026-2028 година е изготвена и доставена во владина процедура. |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2026–2028 година до Владата на РСМ со цел нејзино усвојување | | | ПЕР 2026-2028 година е разгледана и усвоена на 141-та седница на Владата одржана на 13 јануари 2026 година. |
| Доставување на Програмата на економски реформи 2026 – 2028 година до Европската комисија | | | Програмата на економски реформи 2026 – 2028 година е доставена до ЕК на 15 јануари 2026 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка 2. Подготовка на Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година** | | | |
| Собирање податоци и изработка на полугодишна анализа за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за период јануари–јуни 2025 година | Изготвен Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | | Анализата беше подготвена во јули 2025 година |
| Доставување на Извештајот за извршување на Буџетот на РСМ за период јануари – јуни 2025 година до Владата на РСМ | Објавен Полугодишен извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | | Полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година е усвоен на 97-та седница на Владата, одржана на 29.7.2025 година |
| **Мерка 3. Подготовка на информации за тековни економски движења и проекции** | | | |
| Подготовка на среднорочно макроекономско сценарио во рамки на Фискалната стратегија | Доставен текст за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио до Секторот за буџет и фондови | | По доставено писмено барање од страна на Секторот за буџет и фондови за добивање податоци, Секторот за економска политика и развој изработи анализа за економските движења во светот и земјата и за среднорочното макроекономско сценарио за македонската економија.<br>Анализата се однесува на последните економски движења во светот и Република Северна Македонија, додека среднорочното макроекономско сценарио за Република Северна Македонија ги содржи макроекономските проекции за наредниот среднорочен период.<br>Текстот за макроекономските остварувања и среднорочното макроекономско сценарио е доставен до Секторот за буџет и фондови, за ФС 2026-2030 год.<br>ФС 2026-2030 е објавена на: Microsoft Word - FS na RSM 2026-2030-lektorirana.doc<br>Подготвен и доставен е текст за макроекономските остварувања |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | и среднорочното макроекономско сценарио до Секторот за буџет и фондови, што е дел од Ревидирана ФС 2026-2030 година. Истата е објавена на следниот линк https://finance.gov.mk/mk-MK/oblasti/fiskalni-strategii |
| Подготовка на информации за краткорочните месечни економски движења и Статистички преглед на Министерството за финансии | Објавени Краткорочни економски движења<br><br>Објавен Статистички преглед<br><br>Континуирани активности | https://www.finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/<br><br>https://www.finance.gov.mk/статистички-преглед/ | Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат и се подготвува соодветна месечна анализа. Се изработува извештај за Краткорочните економски движења и на Табелите за приходи и расходи по буџетски корисници и истите се објавуваат на веб страната на Министерството за финансии на месечна основа. Активноста е континуирана.<br>Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат и се изработуваат табели со временски серии со податоци за променливи од областа на макроекономијата, буџетот и јавниот долг. Статистичкиот преглед се објавува на веб страната на Министерството за финансии на месечна основа. Активноста е континуирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на квартални економски извештаи | Објавени квартални економски извештаи<br><br>Континуирана активност | **https://www.finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/** | Податоците за економските движења во реалниот, монетарниот, фискалниот, социјалниот и надворешниот сектор се собираат и се подготвува квартална анализа на податоците. Кварталниот економски извештај и табелите за приходи и расходи по буџетски корисници се објавуваат на веб страната на Министерството за финансии. |
| Редовно следење на остварувањето на макроекономските показатели по сектори и подготовка на кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции | Подготвени кратки соопштенија за главните макроекономски индикатори објавени од домашни и реномирани меѓународни институции.<br><br>Континуирана активност | | Изготвени и доставени соопштенија до Кабинет на МФ по електронска пошта, што се однесуваат на БДП, пазар на труд, надворешно-трговска размена, инфлација и индустриско производство, резиме на извештаи со економски проекции објавени од ММФ и СБ. |
| Зајакнување на капацитетите за макроекономско моделирање и проектирање и унапредување на базата на макроекономски податоци во рамки на проекти на ЕУ, Швајцарската влада и Светска банка | Континуирано јакнење на капацитетите преку учество во постојни проекти на ЕУ, SECO, Светска банка | | Во периодот од 03 до 07 март 2025 година во рамките на проектот на Светска банка, (EU TF Strengthening Fiscal Governance in the Western Balkans) беше одржана обука за вработените од областа на економетријата. Во рамките на истиот проект на Светска банка беа одржани две мисии за обука на вработените за ажурирање и калибрирање на Макроструктурниот модел за македонската економија, во следните термини: 24-28 март 2025 година и 13-17 октомври 2025 година. Дополнително, одржани се неколку онлајн состаноци со експертите од Светска банка во текот на месеците февруари/март, септември и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ноември со цел разјаснување на функционирањето на моделот и повторување на економската теорија врз основа на која е базиран моделот.<br>Во рамки на Глобалниот проект на SECO (Swiss State Secretariat for Economic Affairs) за макроекономско планирање и управување (Macroeconomic Planning and Management Project - MPMP), кој се базира на инструментот на ММФ за финансиско програмирање и политики (FPP), одржани се четири мисии за обука на вработените во следните термини: 17-21 март 2025 година, 19-23 мај 2025 година, од 29 септември до 03 октомври 2025 година и 24-28 ноември 2025 година. Дополнително, одржани се неколку онлајн состаноци со експертите во текот на месец декември со цел дообјаснување на функционирањето на различните сценарија кои се вградени во моделот. |

| Мерка 4. Активно учество во работни групи за Област-Економски критериуми о Поглавје 3.17 -Економска и монетарна политика во рамки на НПАА | | | |
|---|---|---|---|
| Активно учество во работната група за Област - Економски критериуми | Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа Економски критериуми | | Присуство на работилница одржана на 07.02.2025 год. во МЕП за методологијата за драфт преговарачки позиции согласно последните измени од ЕК кои се воведени за Албанија.<br>Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа Економски критериуми, за 2025 година.<br>Во август 2025 год. е подготвен и доставен текст за ажуриран придонес кон Извештајот на ЕК за напредокот во областа Економски критериуми, при што е опфатен напредокот постигнат во периодот мај-август 2025 г.<br>На 17 октомври 2025 година, во организација на МЕП одржана е работилница за подготовка на преговарачки позиции за областа Економски критериуми. |
| Активно учество во работната група за Поглавје 3.17 – Економска и монетарна политика во рамки на НПАА | Подготвен и доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот во поглавјето 3.17 Економска и монетарна политика | | Доставен текст за придонесот кон Извештајот на ЕК за напредокот за поглавје 3.17 Економска и монетарна политика, за 2025 година.<br>Во август 2025 год. е подготвен и доставен текст за ажуриран придонес кон Извештајот на ЕК за напредокот за поглавје 3.17 Економска и монетарна политика, при што е опфатен напредокот постигнат во периодот мај-август 2025 г. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.2.2 Потпрограма: Развојни проекти | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Јакнење на капацитетите на Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Проектни единици |
|---|---|---|---|
| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор | | | Во периодот во месец декември потпишани договор за заем и грант со Општина Центар, Општина Могила, Општина К.Вода, Општина Пехчево и Општина Валандово, потоа се објавени тендерските постапки за избор на изведувач на Центар, Општина Могила , и .К.Вода. Исто така објавено е тендерска постапка за избор на компанија која ќе спроведе сеизмички скрининг на објектите од дополнително поднесените општински апликации.<br>Потпишани се договори со ЈЗУ Здраствен дом Неготино и во тек е подготовка на тендерска документација, и ЈЗУ Здраствен дом Скопје -Поликлиника Идадија, и за истиот е објавена тендерска документација за изведувач..<br>Во однос на 14 здраствени објекти исплатени се последните завршни ситуации со изведувачите на лот1 и лот2 .<br>Во однос на уличното осветлување, за општините Боговиње и Зелениково потпишани се иницијалните договори, |
| Проект за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансии | Подобрување на ефикасноста, транспарентноста и одржливоста на јавнте расходи и зголемување на ефективноста во прибирањето на буџетските приходи. | - проектна единица<br>- работно тело за имплементација на Интегрираниот информациски систем за управување со финансии (ИФМИС)<br>- работно тело за имплементација на Даночниот информациски систем УЈП)<br>- работно тело за имплементација на Информатичкиот систем за управување со државна помош (САМИС) | Проектот стана ефективен на 20 април 2023 година. Развојните цели на проектот ќе се постигнат преку три главни компоненти, и тоа: (i) поддршка на реформите во управувањето со јавните расходи; (ii) зајакнување на практиките и системите за прибирање на даночни приходи; и (iii) поддршка во управувањето со промени, координација помеѓу донаторите и управување со проектот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Во рамките на првата компонента, еден договор е успешно завршен, времетраењето на еден договор истече, додека за еден договор за кој постапка на набавка беше во тек истече валидноста на понудата, и за една проектна активност постапката за набавка е поништена. Во рамките на втората компонента, еден договор е имплементиран/завршен, одобрени се тендерска документација/технички спецификации за три проектни активности во рамките на втората компонента. Во рамките на третата компонента, три договори се успешно завршени, четири договори се во фаза на имплементација, додека за три договори е во тек постапка на набавка.<br>Согласно усните информации, на пролетните состаноци во Вашингтон со Светска Банка, меѓу раководството на МФ и Светска банка е договорено затварање/откажување на проектот за градење ефективни, транспарентни и одговорни институции за управување со јавни финансиии и/или дел од средствата наменети за информациски комуникациски технологии. Тимот на Светска Банка реализираше мисија во јуни и јули 2025 чиј фокус беше дискусија да се разберат потребите/барањата како и опциите преку кои може да продолжи поддршката на реформите на јавните финансии. Во месец септември доставена е информација до Владата за информирање за статусот на проектот. Владата ја усвои информација и го задолжи Министерството за финансии да продолжи со активности околу градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавни финансии, во соработка со Светска Банка преку испитување на можноста за употреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | на нов инструмент за имплентација и за истото да ја информира Владата.<br>Во месец октомври тимот на Светска Банка спроведе мисија со фокус на новиот финансиски инструмент Програма за резултати (ПзР). Тимот на Светска Банка реализираше уште една мисија крај на месец ноември и почеток на месец декември и продолжи дискусијата за новиот финансики инструмент Програма за резултати (ПзР), пред се во делот на развивање на индикаторите за повлекување средства, како и спроведување техничка, фидуцијарна и социјална процена. |
| Проект со ЕУ „Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии“ | Навремено и квалитетно спроведување на сите планирани активности во рамки на проектот | Очекуваните резултати се реализираат согласно предвидената динамика. | Проектот “Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии” почна со имплементација на 10 февруари (2025) и ќе трае до декември 2027 година.<br>Со проектот се опфатени Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, Сектор – Академија за јавни финансии, Секторска работна група за управување со јавните финансии.<br>Раководителот на ЦЕХ во својство на Проектен лидер на проектот, спроведува повеќе координативни активности со ДЕУ и со Канцеларијата на WEglobal/ компанијата имплементатор на проектот.<br>Реализацијата на активностите се спроведува според планираната динамика. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.1.3 ПРОГРАМА: БУЏЕТ, ТРЕЗОР И ЈАВЕН ДОЛГ

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="3">– економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;<br>Приоритетна цел:<br>– подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и засилен мониторинг на користењето на и располагањето со јавните средства.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="3">– зајакнување на финансиската и макроекономска стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен засилен мониторинг вона користењето на и располагањето насо јавните средства.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.3 Програма: Буџет, трезор и јавен долг</td><td colspan="2">Цел на програмата:<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување на процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст.</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за буџети и фондови<br>– Сектор за трезор<br>– Сектор за управување со јавен долг</td></tr>
<tr><td>2.1.3.1 Потпрограма: Буџети и фондови</td><td colspan="2">Цел на потпрограмата:<br>– Спроведување реформи во управувањето со јавните финансии и обезбедување етапна консолидација на буџетскиот дефицит на среден рок, позасилена наплата на изворните приходи и други приливи, рационално и наменско користење на буџетските средства</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за буџети и фондови</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија за среденорочниот период 2026–2030 година</td><td>Фискална стратегија на среден рок 2026 – 2023 година</td><td>Усвоена Фискална стратегија на Владата на РСМ, а во неа се дадени среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии</td><td>Владата на РСМ на 77-та седница, одржана на 27.05.2025 година ја донесе Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026–2030 година и заклучи да се достави до Собранието на РСМ и Фискалниот совет за разгледување</td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ревидирана Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026–2030 година | Ревидирана Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026–2030 година | Ревидирани се среднорочни фискални проекции со кои се опфатени повеќе аспекти: макроекономски показатели, Буџет на РСМ, јавен долг, ризици, транспарентност и унапредување на јавните финансии | Владата на РСМ на 133-та седница, одржана на 02.12.2025 година ја донесе Ревидираната Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2026–2030 година и заклучи да се достави до Собранието на РСМ и Фискалниот совет за разгледување |
| Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2026 година | Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година | Во донесениот Буџет на Република Северна Македонија за 2026 година дадени се планираните годишните приходи и други приливи и одобрени годишните расходи и други одливи на државата | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.253/2025 |
| Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година | Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година | Донесен Закон за извршување во кој се регулира користењето на буџетските средства | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.253/2025 |
| Измени и дополнувања на Буџетот (ребаланс) | Изменување и дополнување на на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | Се ревидираат првичните проекции на приходите и расходите на одделни расходни позиции по сметки, програми и ставки | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.151/2025 |
| Завршна сметка на Буџетот и буџетите на ЕЛС за претходната година | Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | Со Завршната сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година се искажуваат планираните и реализираните приходи и расходи со образложение за отстапувањата | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.151/2025 |
| Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Одлука за прераспределба на средства за 2025 година помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите | Се оценува исходот од приходите и расходите, па според тоа се врши редизајнирање на структурата на јавните финансии | Објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.126/2025 |
| Буџетски циркулар за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на буџетските корисници | Буџетски циркулар за наредната година | Дадени инструкции за начинот на подготовка на предлог-буџетските барања | Подготвен и доставен буџетски циркулар до буџетските корисници во законски утврдениот рок |
| Измена на Законот за буџети | Закон за изменување на Законот за буџети | Се одлага примената на Законот | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.258/25<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Измена и дополнување на Законот за буџетите | | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управ | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.3/25<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Закон за изменување на Законот за трансформација во редовен работен однос | | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управ | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.3/25<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| **Регистар на јавни субјекти на РСМ** | | **Објавен е Регистар на јавни субјекти на РСМ** согласно Законот за буџети | Објавен на 30.06.2025 година,<br>**Оваа активност не е предвидена со Годишниот план за работа за 2025** |
| Правилник за формата и содржината на образецот Ф1 | | Подзаконски акт согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.254/24) | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/25<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Правилник за формата и содржината на родово-одговорната буџетска изјава, подзаконски акт согласно Законот за буџети | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.22/25<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Правилник за изменување на Правилникот за Организациската класификација, | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Правилник за изменување на Правилникот за буџетска класификација по извори на финансирање | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Правилник за изменување на Правилникот за програмска класификација | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025 |
| Правилник за изменување на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025 |
| Правилник за изменување на Правилникот за економска класификација | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Правилник за изменување на Правилникот за функционална класификација | | Подзаконски акт согласно Законот за буџети | Објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.270/2025<br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество во работни групи во НПАА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија, Поглавјето 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, Поглавјето 3.33 - Финансиски и буџетски одредби и на Поглавјето 2 - Економски критериуми и учество во процесот на Реформа на јавната администрација | Следење на меѓународното искуство за буџетски одредби | | Учество во работни групи во НПАА и следење на Поглавјето 3.17 - Економска и монетарна унија, Поглавјето 3.22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти, Поглавјето 3.33 - Финансиски и буџетски одредби и на Поглавјето 2 - Економски критериуми и учество во процесот на Реформа на јавната администрација |
| Пријавување и евиденција на обврски | Тековна активност на буџетските корисници согласно законската обврска | Следење и известување за обврските на јавните субјекти преку нивно објавување | Сите буџетски корисници секој месец од 1-ви до 10-ти во месецот пријавуваат обврски на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврски (ЕСПЕО) |
| Внес на барања на буџетските корисници за прераспределба на средствата во рамки на одобрените буџети (пренамени) и барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи (проширувања) во системот е-буџет | Одобрени барања на буџетските корисници во системот е-буџетт | | Континуиран процес |
| Внес на барања на буџетските корисници за прераспределба на средствата во рамки на одобрените буџети (пренамени) и барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи (проширувања) во системот е-буџет | Одобрени барања на буџетските корисници во системот е-буџетт | | Континуиран процес |
| Обезбедување мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | Навремено подготвени мислења за материјалите во надлежност на секторот поврзани со Буџетот и буџетската политика | | Континуиран процес |
| Давање мислење по однос на годишните планови за вработување | Издадени мислења согласно законските надлежности | | Континуиран процес |
| Обезбедување мислења по законски и подзаконски акти, по информации и извештаи по програми, одлуки и други материјали доставени од Владата и други институции во надлежност на секторот | Навремено подготвени мислења за материјалите во надлежност на Секторот за следење и анализа на финансиското работење на јавните претпријатија | | Континуиран процес |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Давање мислење по однос на годишните планови за вработување на јавните претпријатија | Издадени мислења согласно законските надлежности | | Континуиран процес |
| Давање известување по однос на барањата за обезбедени финансиски средства за вработување кај јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата | Издадени известувања во однос на обезбедените финансиски средства за вработување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата | | Издадени известувања до Кабинетот во однос на обезбедените финансиски средства |
| Следење на финансиското работење на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата | Издадени мислења во однос на годишни сметки, годишни извештаи, тримесечни извештаи, финансиски планови и програми на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата | | Континуиран процес |
| Објавување на податоци за извршувањето на приходите и расходите на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна сопственост на државата на веб-страницата на Министерството за финансии | | | Континуиран квартален процес |
| Учество во работна група за донесување на нов Закон за трговски друштва и јавни претпријатија во државна сопственост и Стратегија, согласно точка 4.1.5. од Реформската Агенда во рамки на Планот за раст | | | Учество во работна група за подготовка на текстот на Предлог - законот за јавни претпријатија и трговски друштва во сопственост или со учество на РСМ<br><br>**Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Информација за навремено и усогласено постапување согласно законските обврски на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата за подобро проектирање и ефикасно управување со јавните финансии | | | На 138-та седница одржана на 24.12.2025 година Владата ја разгледа Информацијата за навремено и усогласено постапување согласно законските обврски на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата за подобро проектирање и ефикасно управување со јавните финансии. **Активноста не е планирана во годишниот план** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Барање податоци од јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата со цел правилно и навремено планирање на активностите кои јавните претпријатија ќе треба да ги реализираат во наредниот среднорочен период | Циркуларно писмо до јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата со цел прибирање на податоци за буџетските средства кои се трансферираат и се планира да се трансферираат од Буџетот на Република Северна Македонија кон јавните претпријатија (период 2017-2029) | | Подготовка и достава на Циркуларно писмо до јавните претпријатија и трговските друштва во целосна и доминантна сопственост на државата со цел обезбедување на потребните податоци кои во крајна линија ќе придонесат кон правилно и навремено планирање на активностите кои јавните претпријатија ќе треба да ги реализираат во наредниот среднорочен период, ќе ја подобрат нивната ефикасност, отчетност и финансиска дисциплина, како и нивно усогласување со буџетскиот процес, фискалната политика и стратешките цели **Активноста не е планирана во годишниот план** |
| Следење и контролирање на исплатата на платите на буџетските корисници и единките корисници | Навремена проверка и контрола на барањата за исплата на платите на буџетските корисници и единките корисници | | Континуиран процес |
| Давање известување по однос на барањата за обезбедени финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници | Издадени известувања во однос на обезбедените финансиски средства за вработување кај буџетските корисници и единките корисници, | Издадени известувања до Кабинетот во однос на обезбедените финансиски средства | Активноста се спроведува континуирано |
| Следење на финансиското работење на единиците на локалната самоуправа и објавување податоци за извршувањето на приходите и расходите | Министерството за финансии континуирано го следи финансиското работење на единиците на локланата самоуправа и податоците за реализираните приходи и расходи на општините на квартално ниво се објавени на веб-страницата на Министерството за финансии | Континуиран процес | Континуиран процес |
| Следење на условите за исполнување финансиска нестабилност на општините | Подобрено следење и навремено идентификување на општините со ризик од финансиска нестабилност, со цел преземање соодветни корективни мерки.“ | Врз основа на доставените квартални извештаи за доспеани, а неплатени обврски, континуирано се следи кои општини ги исполнуваат условите за финансиска нестабилност, а на квартално ниво се доставува известување до финансиската инспекција | Континуиран процес |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година | Донесена Уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година | Согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, приходите од данокот на додадена вредност кои се распределуваат на општините се утврдуваат во висина од 6% од наплатениот данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и се распределуваат во три дела, и тоа: основен фонд – 4, 5%, дел за перформанси - 0, 75% и дел за воедначување - 0,75% | Службен весник на РСМ“ бр. 136/25 |
| Буџетски циркулар за општините за наредната година со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа | Подготвен и доставен во законски рок Буџетски циркулар за општините со кој се даваат насоките за изработка на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година | Навременото подготвување и доставување на Буџетскиот циркулар за општините овозможува единиците на локалната самоуправа ги подготват буџетите за наредната година во согласност со законските насоки | Буџетскиот циркулар е доставен во законскиот рок до 30 септември 2025 година |
| Измени и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Донесен Закон за изменување и дополнувања на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа | Усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24) | „Службен весник на РСМ“ бр. 37/25 |
| Создавање услови за оспособување на преостанатата општина Пласница да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Општина Пласница ги исполнува условите за влезво втора фаза фискална децентрализација | До Владата на РСМ доставена е Информација за исполнување на условите за влез на општина Пласница во прва фаза од фискална децентрализација,.Потребно е Владата да ја разгледа доставената Информација, да се формира надлежната Комисија која ќе разгледа дали се исполнети условите за прва и втора фаза на фискална децентрализација и да се донесе одлука за влез на општина Пласница во втората фаза на фискалната децентрализација. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Создавање услови за оспособување на преостанатата општина Пласница да ги исполни условите за втората фаза на децентрализација | Општина Пласница ги исполнува условите за влезво втора фаза фискална децентрализација | До Владата на РСМ доставена е Информација за исполнување на условите за влез на општина Пласница во прва фаза од фискална децентрализација,.Потребно е Владата да ја разгледа доставената Информација, да се формира надлежната Комисија која ќе разгледа дали се исполнети условите за прва и втора фаза на фискална децентрализација и да се донесе одлука за влез на општина Пласница во втората фаза на фискалната децентрализација. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.3.2 Потпрограма: Трезор** | **Цел на потпрограмата:**<br>Ефикасно управување со јавните финансии во функција на продолжување со процесот на економски реформи и забрзување на економскиот раст | | **Одговорен:**<br>– Сектор за трезор |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за тековната година | Навремено изготвен и доставен до Владата на РСМ Полугодишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за 2025 година | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Полугодишниот извештај е усвоен од страна на Владата на РСМ на 07.10.2025 година |
| Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на централниот буџет за претходната година | Навремено изготвен и доставен до Владата на РСМ Годишен извештај за користење на средствата од резервите на централниот буџет за претходната (2024) година | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Годишниот извештај е разгледан и усвоен од страна на Владата на РСМ, на Деведесеттата седница на Владата на РСМ на 8 јули 2025 година |
| Обезбедување внес на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на ЕЛС во ТРИС, на начин како што се објавени, односно усвоени (вклучувајќи ги и нивните измени) | Навремено вчитани буџети и измени на буџетите | Обезбеден е континуитет во процесот на извршување на буџетите и транспарентно известување. | Активностите се спроведени согласно планираното |
| Внес на барања за плаќања на буџетските корисници и нивно извршување | Податоци од Трезорскиот информационен систем за внесени барања за плаќање од | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на | Активностите се спроведени на дневна основа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | буџетските корисници и нивно непреечено извршување во текот на целата година. | Буџетот на РСМ и транспарентно известување | |
| Преземање на други тековни активности поврзани со извршувањето на Буџетот на РСМ и на буџетите на општините (одобрување на пријавените преземени обврски и сл.) | Внесени и евидентирани податоци за пријавени преземени обврски на буџетските корисници во Трезорскиот информационен систем. | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Активностите се спроведени на редовна основа |
| Внес и одбрување на квартални и месечни финансиски планови за трошење од буџетските корисници | Навремено внесени податоци во Трезорскиот информационен систем за одобрени квартални и месечни финансиски планови за трошење од сметките на буџетските корисници | Обезбеден е континуитет во насока на зајакнување на процесот на извршување на Буџетот на РСМ и транспарентно известување | Активностите се спроведени на редовна основа |
| **2.1.5.5 Потпрограма: Систем на осигурување и реосигурување** | **Цел на потпрограмата:**<br>Континуирано усовршување и усогласување на регулативата од областа на системот за осигурување и реосигурување | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиски систем |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Стабилен финансиски систем | Следење и имплементација на прописите од областа на осигурувањето и понатамошно усогласување со директивите на ЕУ | Континуирано | Континуирано |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Усогласување на домашното законодавство од областа на осигурувањето со Директивата 2009/138/ЕЦ за основање и водење деловни активности за осигурување и реосигурување (Солвентност II) | Се преоценува потебата од донесување на овој закон. | Недонесувањето на законот нема да има негативно влијание. Донесувањето на истиот беше предвидено заради усогласување со ЕУ регулативата, а не поради проблеми во оваа област. | Во 2026 година е планирано да се спроведе Анализа на постојната законска регулативата во областа на осигурувањето во насока на утврдување на области за нејзино подобрување. Од анализата ќе се утврди потребата од донесување на новото законско решение. |
| Доследно исполнување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА), вклучително и од втората фаза на ССА - Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот | Се преоценува потебата од донесување на овој закон во делот на укинувањето на зелениот картон. | Недонесувањето на законот нема да има негативно влијание. Во моментов, активностите поврзани со зелената карта (издавање, користење и сл), функционираат без проблем. | |

## 2.1.6 ПРОГРАМА: МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИИ И СОРАБОТКА СО ЕУ

| | | |
|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија;<br>– економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– Приоритетна цел:<br>– подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;<br>– подобрување на законската институционална и оперативна рамка во превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија. | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата;<br>– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и засилен мониторинг на користењето на и располагањето со јавните средства;<br>– предвидлив, ефикасен и праведен даночен систем и зголемување на наплатата на јавните приходи и намалување на буџетскиот дефицит;<br>– подобрено управување со јавните финансии преку етапна фискална консолидација, фискална одржливост и поддршка на економијата со зголемени капитални инвестиции;<br>– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и на националните финансиски интереси. | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.6 Програма: Меѓународни финансии и соработка со Европската Унија** | **Цел на програмата:**<br>Соработката со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу потребните активности за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации; координација на активностите поврзани со исполнувањето на обврските на Министерството за финансии, коишто произлегуваат од процесот на евроинтеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на инструментите за претпристапна помош - ИПА; копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; спроведување реформи во управувањето со јавните финансии, координација на спроведувањето на проектите од ИПА во областа на управување со јавни финансии, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи<br>– Сектор за централно финансирање и склучување договори<br>– Сектор за управување со јавни инвестиции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Република Северна Македонија; процена и следење на јавните инфраструктурни проекти, пред сѐ од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста. | | |
| **2.1.6.1 Потпрограма: Управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош - ИПА** | **Цел на потпрограмата:**<br>Програмирање, спроведување и следење на Инструментот за претпристапна помош - ИПА, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средствата од Инструментот за претпристапна помош – ИПА |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Навремено спроведување на склучените договори, извршување на плаќањата согласно утврдената динамика и следење на имплементацијата на проектите за кои се склучени договори во рамки на ИПА 2 и акредитираните програми за ИПА 3 | Редовно доставувања барања за финансирања до ЕК, за секоја одделна програма на ИПА во зависност од расположливото салдо на сметките во согласност со постапките за работа | Доставени барања до ЕК за предфинансирање по програми<br>Редовно доставени барања до ЕК за тековно финансирање по програми<br>Доставени финални апликации до ЕК | |
| Изготвување и доставување изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА/ИПАРД и годишни финансиски извештаи | Изготвени Изјави за гаранција во управувањето со средствата од ИПА во прв квартал од тековната за претходна година за:<br>1. Годишна програма за 2017<br>2. Повеќегодишната програма МААР од областа на транспорт и животна средина<br>3. Годишна Акциска програма за 2022 од областа на животна средина од ИПА 3<br>4. ИПАРД Програмата 2014-2020<br>5. ИПАРД Програмата 2021-2027 | Изјавите за гаранција се доставени до ЕК со допис од 14.02.2025 и 17.02.2025 година. | |
| Доставување Извештај до ЕК за управување со идентификуваните неправилности со ИПА/ИПАРД | Извештаи за квартално известување до ЕК за идентификуваните неправилности со ИПА. | Извештаите за управување со идентификуваните неправилности во ИПА се изготвуваат на квартална основа | |
| Спроведување верификациски посети согласно годишниот план со цел следење на имплементацијата на проектите | Конечни извештаи од спроведени верификациски посети. | Верификациските посети се спроведуваат во текот на целата година, во согласност со годишниот план | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Следење на ризиците на ниво на структурата за ИПА и организирање панел-дискусии за управување со ризици | Следење на ризиците на ниво на ИПА/ИПАРД структурата<br>Одржани Панели за управување со ризици | Панелите за управување со ризици за структурите за ИПА и ИПАРД се одржуваат два пати во годината.<br>Панел-дискусиите за управување со ризици за структурите за ИПА и ИПАРД се одржаа во јули и декември 2025 година. Акциските планови за управување со ризици се ажурирани согласно договореното на панел-дискусиите | |
| Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 | Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 е разгледна и усвоена на 28та седница на Влада на 26.03.2025 година. | | Објавена во „Службен весник на РСМ“ број 104/25 |
| Акредитација/доделување право за индиректно управување со програми во рамки на ИПА III - Оперативна програма за човечки капитал | Потпишување на финансиски спогодби за индиректно управување со оперативните програми во делот на животна средина, транспорт и човечки капитал од ИПА III. | Добиена е акредитација/доделено е право за индирактно управување за сите три оперативни програми (транспорт, животна средина и човечки капитал). | |
| Акредитација/доделување право за индиректно управување со нови мерки во рамки на ИПАРД III -Мерка за инвестиции во рурална јавна инфраструктура | Акредитација на Мерка за инвестиции во рурална јавна инфраструктура од ИПАРД III | Голем процент од отворените наоди се надминати (во фаза на надминување), со што се воспостави задоволителна основа за финализирање на пакетот. Истиот е финален и доставен до ЕК-ГД АГРИ на 30.10.2025.<br><br>Доцнењето претставува ризик од губење на средствата од ИПА | Процесот ќе продолжи и во текот на 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на политика за мотивација во соработка со Министерството за европски прашања | Изготвена политика за задржување за кадарот одговорен за имплементација на ИПА. | Владата na 114-та Седница одржана на 30.1.2.2025 година ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите и ја донесе Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии.<br>Обврската за предлагање и усвојување на горенаведената Уредба ја превзема Министерството за Европски прашања. | |
| Информација за статусот на имплементацијата на ИПА II и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година | Усвоена Информација од страна на Влада на РСМ | Потребата за изготвување Информација за 2024 е надмината поради тоа што секторот даде придонес во две посебни информации со што опфатена е проблематиката и Владата е информирана соодветно, и тоа на 221 седница на Владата одржана на 16 јануари 2024 каде разгледани се "Информација за приоритизација на проекти кои би се тендерирале и соодветно имплементирале во рамките на расположливите средства од Програмата ИПА II (2014-2020) за сектор транспорт" изготвена од страна на МТ и "Информација за статусот на имплементација за Повеќегодишната акциска програма за животна средина и климатски акции од ИПА 2 на Република Северна Македонија земајќи го предвид автоматско повлекување на неискористените ИПА средства од алокациите за 2018 година" изготвена од МЖСПП. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за преземените мерки и активности предвидени во консолидираните Акциски Планови за имплементирање на препораките за надминување на ревизорските наоди констатирани во Годишното ревизорско мислење и Годишните извештаи за ревизорска активност за финансиската 2023 година за ИПА програмите имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, издадени од Ревизорското тело за ревизија на Инструментот за претпристапна помош - ИПА | | | Информацијата е разгледана и усвоена на 101-та седница на Владата на РСМ одржана на 19 август 2025 година (Т44). |
| Информација за статус на имплементација на програмите во рамки на Инструментот за претпристапна помош – ИПА, имплементирани преку модалитетот на индиректно управување | | | Информацијата е разгледана и усвоена на 101-та седница на Владата на РСМ одржана на 19 август 2025 година (Т45). |
| Информација по Нацрт извештај од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија по однос на акредитација на ИПА III оперативните програми во областа транспорт, животна средина и човечки капитал | | | Информацијата е разгледна и усвоена на 76-та седница на Влада на 20.05.2025 година. |
| Следење на ризиците на ниво на структурата на ИПА/ИПАРД и организирање панел-дискусии за управување со ризици | | Панелите за управување со ризици за структурите за ИПА и ИПАРД се одржуваат два пати во годината.<br>Панел-дискусиите за управување со ризици за структурите за ИПА и ИПАРД се одржаа во јули и декември 2025 година. Акциските планови за управување со ризици се ажурирани согласно договореното на панел-дискусиите | Следење на ризиците на ниво на ИПА/ИПАРД структурата<br>Одржани Панели за управување со ризици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за поврат на средства од Министерство за животна средина и просторно планирање за проект финансиран во рамки на програмата Транзициска помош и институционална надградба (ТАИБ 2009) од ИПА I програмскиот период (2009-2013) | | | Информацијата е разгледна и усвоена на 122та седница на Влада на 28.10.2025 година. |
| Информација за усвојување на Уредба за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и начинот на утврдување на висината на додатокот за извршување на работи и работни задачи во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА). | | | Обврската за предлагање и усвојување на горенаведената Уредба ја превзема Министерството за Европски прашања. Владата na 114та Седница одржана на 30.1.2.2025 година ја разгледа Предлог-уредбата за поблиските критериуми за остварување на правото на додаток на плата и за начинот на утврдување на висината на додатокот на плата за ЕУ и ИПА структурите и ја донесе Уредбата со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии. |
| Подготовка на Информација за статусот на имплементација на ИПА и преглед на неискористени средства | Разгледана Информација од страна на Влада на РСМ | Владата на 101га Седница одржана на 19.08.2025 година ја разгледа Информацијата за статус на имплементација на програмите во рамки на Инструментот за претпристапна помош – ИПА, имплементирани преку модалитетот на индиректно управување, како материјал за информирање. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Информација за состојбата со капацитетите во ИПА структурите, трендот на одлив и/или прилив на човечки капитал во ИПА/ИПАРД структурите и дефинирање на следни чекори за задржување на истиот во постојните ИПА/ИПАРД структури | Консолидирана анализа за обем на работа за ИПА структурите за периодот 2026-2028 година е изготвена од секторот на 21.10.2025 година како предуслов за изготвување на информацијата за состојбата со капацитетите во ИПА структурите, но истата не беше процесирана за усвојување на Влада од причина што недостасуваше проценката на оптималниот број на | Нецелосното изготвување на Информација за состојбата со капацитетите во ИПА структурите влијае на неможност за навремено преземање на активности во делот на зајакнување на административните капацитети на ИПА структурите преку вработување, унапредување на ИПА кадар, поради ненавремена проценка на потребните | Потребата за изготвување Информација до Владата е надмината. Процесот ќе продолжи и во текот на 2026 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | капацитети за ИПАРД структурите. Во меѓувреме дојде до суспендирање на ИПАРД Програмата заради тоа оваа активност која што беше делумно реализирана се пролонгира за во 2026 година.<br>Делумно, активностите по однос на оваа информација беа предвидени и инкорпорирани во усвоената Информација по Нацрт извештај од спроведена ревизорска мисија од страна на Генералниот директорат за проширување и источно соседство (DG ENEST) при Европската комисија, по однос на акредитација на ИПА 3 Оперативни програми во областа Транспорт, животна средина и човечки капитал. Во рамките на оваа информација беа усвоени пет заклучоци кои се однесуваа на зајакнување на административните капацитети во ИПА 3 структурите во делот на пополнување на клучни позиции. – ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНА. | административни капацитети од страна на ИПАРД структурите. | |

| **2.1.6.2 Потпрограма: Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД)** | **Цел на потпрограмата:**<br>Зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | **Одговорен:**<br>– Сектор за Централно финансирање и склучување договори (ЦФСД) |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Навремена подготовка на тендерската документација со висок квалитет, која ќе ги исполнува критериумите на ЕК за учество на тендери, пред нејзино доставување до Делегацијата на Европската Унија на екс анте контрола (ex-ante) | Тековни тендерски постапки објавени и следени во фаза на евалуација | План за јавни набавки за сектор животна средина и климатски промени и транспорт | Согласно воспоставените процедури, Институцијата Корисник ја подготвува тендерската документација и ја доставува на конторла до ЦФЦД при што, по спроведената контрола и доусогласување на тендерската документација, истата се |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | доставува на „ex-ante“ контрола до ДЕУ. Оттука, навремената подготовка и квалитетот на тендерската документација која се доставува на „ex-ante“ контрола до ДЕУ во најголема мера зависи првенствено од капацитетите на Институцијата корисник. |
| Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата практика во согласност добиените коментари од ДЕУ при одбивање/одобрување на тендерската документација доставена на екс анте контрола (ex-ante) | | | Препораките кои произлегуваат од научените лекции и добрата пракса се нотирани во Анализата на научени лекции која се подготвува на годишно ниво. Имено, Анализата на научени лекции за 2024 година е подготвена и беше доставена до засегнатите страни на 19 Март 2025 година , со цел избегнување на најфреквентните грешки при подготовката на документите кои се доставуваат на одобрување во ДЕУ. Овие препораки се следат континуирано од страна на ЦФЦД и институциите корисничи на ИПА. Исто така, на 07 Мај 2025 година беше доставен Првиот квартален преглед на размената на тендерската документација до НАО , кој ги опфаќа пресметките на внатрешната и надворешната стапка за одбивање за период од 01.01.2025 до 31.03.2025.<br>На 04.07.2025 година беше подготвен и доставен Полугодишниот извештај на размената на тендерската документација за период јануари-јуни 2025 година.<br>На 06.10.2025 година беше доставен Третиот квартален преглед на тендерската документација до НАО кој ги опфаќа пресметките на внатрешната и надворешната стапка за одбивање за период од 01.07.2025 година до 30.09.2025 година. Анализата на научени лекции за 2025 година е во процес на подготовка. |
| Подготовка и доследно почитување на препораките произлезени од научените лекции и добрата практика во согласност со | | | Навремената подготовка и квалитетот на тендерската документација која се доставува на „ex-ante“ контрола до ДЕУ во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| добиените коментари од ДЕУ при одбивање/одобрување на тендерската документација доставена на екс анте контрола (ex-ante), како и по спроведената екс пост контрола (ex-post) | | | најголема мера зависи од капацитетите на Институцијата корисник. |
| Склучување и имплементација на договорите во согласност со роковите утврдени во финансиските спогодби и плановите за јавни набавки | - над 70% стапка на исполнување на плановите за исплати | - Планови (проекции) за исплата<br>- Расходна спецификација на сметки (e-obvrski) | Согласно плановите за исплата за 2025-та година, реализацијата за 2025-та година е изнесува 60%. |
| Прилагоден и воспоставен систем за управување и контрола (потпишан Интеринституционален договор и внатрешни процедури за работа) во согласност со програмите од новата финансиска перспектива 2021 – 2027 година ИПА III | Тековно се води процес на акредитација за ИПА 3 | Испратено барање до Европска комисија за доверување на буџет | Во 2025 се спроведе мисија од Генерален Директорат за проширување и преговори за проценка на барањето за акредитација на ИПА 3. Доставено е Финалниот извештај од ревизорската мисија на Генералниот директорат за проширување – DG ENEST за ИПА III оперативните програми (2024 – 2027). Се постапува по дадените препораки |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.1.6.3 Потпрограма: Исполнување на обврските од процесот на европска интеграција | Цел на потпрограмата: Цел на потпрограмата: Координација на активностите поврзани со исполнувањето на обврските на Министерството за финансии, коишто произлегуваат од процесот на евроинтеграција на Република Северна Македонија: програмирање, спроведување и следење на инструментите за претпристапна помош - ИПА; копретседавање со Поткомитетот за економија, финансии и статистика (ЕКФИН); координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција и процесот на подготовка на Програмата на економски реформи; спроведување реформи во управувањето со јавните финансии, координација на спроведувањето на проектите од ИПА во областа на управување со јавни финансии, зајакнување на капацитетите за целосно приближување и преземање на правото на ЕУ, јакнење на административните капацитети и координативните структури за преговори со ЕУ и користење на претпристапните фондови на ЕУ, поддржано преку донатори и Буџетот на Република Северна Македонија | | Одговорен: – Сектор за меѓународни финансиски односи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Координација на активностите поврзани со управувањето на проектите од ИПА 2 и ИПА 3 во Секторот управување со јавни финансии | Подготвен годишен извештај за спроведување на ИПА 2<br>Учество на вработените од Одделението за ИПА и НПАА во:<br>- управните комитети за следење на степенот на реализација на проекти на Министерството за финансии за потсекторот управување со јавни финансии,<br>- Управниот комитет на програмата на ИПА - ЕУ за млади<br>- секторските и заедничките комитети за мониторинг на состаноците на ИПА | **Реализирано:**<br>Годишен извештај за спроведување на ИПА II за 2024 г.<br>- Полугодишен извештај за спроведување на ИПА II за 2025 г.<br>- Од страна на надлежните сектори/институциите се ажурирани индикаторите од областа на УЈФ (кои се дел од Годишен извештај за спроведување на ИПА II) и истите на 23.05.2025 година се доставени до Министерството за европски прашања.<br>- На 10 февруари 2025 година се одржа воведен состанок за Проектот „ Поддршка на имплементацијата на ПФМ програмата.<br>- На 26 март 2025 година се одржа 9-от состанок на Управниот комитет за ИПА програмата ЕУ за млади.<br>- На 14.05.2025 година се одржа 5-от состанок на секторскиот мониторинг комитет за Демократија и владење | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - На 20 јуни 2025 година се одржа завршната конференција за ИПА програмата ЕУ за млади.<br>- На 05.09.2025 година се одржа првиот состанок на Управниот комитет за Проектот „Поддршка на имплементацијата на ПФМ програмата„<br>- На 05.11.2025 година се одржа состанок со ДЕУ и експерти од Проектот „Поддршка на имплементацијата на ПФМ програмата„ со цел пбезбедување на техничка помош за подготовка на документи поврзани со ПФМ Програмата<br>- На 03.12.2025 година се одржа 5-от состанок на секторскиот мониторинг комитет за Демократија и владење | |
| Подготовка на извештај за исполнување на условите за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка и барање за повлекување средства | - Подготвен и доставен извештај до ДЕУ за исполнување на условите за повлекување на средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка;<br>- Подготвено и доставено до ДЕУ барање за повлекување средства од програмите на ИПА за секторска буџетска поддршка | Континуирана реализација.<br>Оваа активност се реализира во континуитет.<br>На 15 јануари 2025 година се повлече првата фиксна транша од ИПА Договорот ЕУ за модерна администрација во износ од 1.999.887,00 евра.<br>На 31 декември 2025 година се повлече 5-та варијабилна транша од ИПА 2019 Договорот за ЕУ за млади во износ од 2,346,667 евра. | |
| Обезбедување стручна административна поддршка во функционирањето на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Број на одржани состаноци на Работната група за управување со јавни финансии и Советот за управување со јавни финансии | Континуирана реализација.<br><br>Реализирано во 2025 година: на 17.07.2025 година се одржа состанок на СРГ за управување со јавни финансии | |
| Координација на подготовката, следењето и известувањето за реализацијата на годишните акциски планови за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии и изработка на Предлог-акциски план, Полугодишен и Годишен извештај за спроведување на Акцискиот план | Подготвени полугодишни/годишни извештаи за следење на реализацијата на Програмата | Континуирана реализација.<br>Реализирано во 2025 година: Годишниот извештај за следење на спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари – декември 2024 година беше подготвен и усвоен од страна на Владата восептември 2025 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Координација на МФ за навремено исполнување на обврските за подготовка на документите поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови, мислења и др.) | Подготвени документи поврзани со процесот на европска интеграција (НПАА, Придонес кон годишниот извештај на ЕК, акциски планови и др.) | Континуирана реализација.<br>Придонес кон Годишниот Извештај на ЕК за периодот мај 2025 – август 2025 година е подготвен и истиот на 09.09.2025 година е доставен до МЕП.<br>Подготвена е интерна табела со мерки кои се преземаат по однос на наодите и препораките од Годишниот извештаја на ЕК за напредокот на РСМ за 2025 година и истата се испраќа на месечно ниво до секторите за нејзино ажурирање. | |
| Координација на МФ за подготовка на документите поврзани со Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан (извештаи, барања за повлекување на средства, обезбедување на докази за исполнување на квантитативните и квалитативните чекори утврдени во Реформската агенда 2024-2027. | - Подготвен и доставен извештај до Министерство за европски прашања<br>- Подготвено и доставено до ЕК барање за повлекување на средства | Континуирана реализација.<br><br>Подготвен и доставен Извештај за исполнување на општи услови за повлекување средства во рамки на Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан за 2024 година до Министерство за европски прашања.<br>Подготвени и доставени до ЕК барања за повлекување на средства (барања за 2 транши од заемот) | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година, но истата се реализира во континуитет |
| Подготовка и реализација на Поткомитетот за економски и финансиски прашања и статистика | Одржан Поткомитет за економски и финансиски прашања и статистика | Оваа активност согласно новата систематизација не е во надлежност на секторот.<br><br>Поткомитетот ЕКФИН, се одржа на 7 октомври 2025 година преку видео-конференциска врска. | |
| Координација на Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција поврзан со процесот на подготовка на Програмата на економски реформи | Одржан Економскиот и финансиски дијалог помеѓу ЕУ и Западен Балкан и Турција | Оваа активност согласно новата систематизација не е во надлежност на секторот. | |
| Макрофинансиска помош од ЕУ | Подготвена Информација за условите за повлекување на втората транша од Макро - финансиска поддршка од Европската унија во вкупна вредност до 50 милиони | Континуирана реализација<br>Информацијата е усвоена од страна на Владата на 27.05.2025 година.<br>Со усвоените заклучоци Владата повторно ги задолжи релевантните институции со пролонгирање на претходно утврдените | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година, но истата се реализира во континуитет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | рокови за исполнување на активностите, согласно заклучоците од Владата 174-тата седница, одржана на 25 јули 2023 година, а се со цел исполнување на условите и навремено повлекување на втората транша од МФП во износ од 50 мил. евра. | |
| Предлог-одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии | Подготвена Предлог-одлука за формирање Совет за управување со јавни финансии | **Реализирано.**<br>Одлуката за за формирање на Совет за управување со јавни финансии е усвоена од страна на Владата на 17.06.2025 г. и истата е објавена во Службен весник на РСМ бр.123/2025. | Иако **не е планирана со Годишниот план за 2025 година**, оваа активност е реализирана |
| Акциски план за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година | Подготвен Акциски план за 2025 | **Реализирано.**<br>Предлог - Акциски план за 2025 година е подготвен и истиот беше објавен на веб страницата на МФ за јавни консултации со заинтересираните страни. Процесот на јавни консултации заврши на 30.04.2025 г, по што Предлог - Акцискиот план се разгледа, дискутира и одобри на состанокот на СРГ за УЈФ одржан на ден 17.07.2025г, и истиот на ден 07.08.2025 година беше доставен до Владата за разгледување и усвојување.<br>На 105 та седница, одржана на 02.09.2025 година, Владата го усвои Акциски план за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Полугодишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 година за спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–јуни 2025 година | Подготвен Полугодишен извештај за УЈФ периодот јануари–јуни 2024 година | **Нереализирано.**<br>Имајќи предвид дека Владата на 105- та седница одржана на 02.09.2025 година ја усвои Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот 2025-2028 година и го прифати Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година, нема да се | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | подготвува полугодишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–јуни 2025 година. Оттука, подготвен ќе биде Годишен извештај за напредок во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 година за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–декември 2025 **година.** | |

| **2.1.6.4 Потпрограма: Меѓународни финансиски односи** | **Цел на потпрограмата:**<br>Соработка со меѓународни и билатерални финансиски институции и координација со овие институции околу потребните активности за подготовка и реализација на проектите финансирани со странски заеми и донации | | **Одговорен:**<br>– Сектор за меѓународни финансиски односи |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Навремено завршување на преговорите за обезбедување поволни заеми (подготовка на договори за заем и договори за гаранција) и инвестициски грантови (подготовка на договори за обесштетување од страна на државата по основ на инвестициски грантови) за реализација на проектите на Владата на Република Северна Македонија | Завршени преговори и усогласен текст на следните договори:<br>- Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основно образование;<br>- Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали;<br>- Договор за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“;<br>- Договор за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија-фаза 2;<br>- Договор за грант за Проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските | Склучени се следните договори:<br>- Договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основно образование;<br>- Договор за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“;<br>- Договор за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани;<br>- Договор за грант за Проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија”<br>- Договор за гаранција на обврските по Договор за заем за финансирање на | По усвојување од страна на Собранието, се очекува во текот на првиот квартал од 2026 година да се склучат:<br>- Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали; и<br>- Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија-фаза 2.<br>- Договорот за обештетување од страна на државата за финансирање на ТЕН-Т проектот за Автопатот од Скопје до граница со Косово |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | домови во Република Северна Македонија”<br>- Договор за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани;<br>- Договор за гаранција на обврските по Договор за заем за финансирање на Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани;<br>- Договор за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3;<br>- Договор за гаранција на обврските по Договор за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3;<br>- Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;<br>- Амандман на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;<br>- Договор за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан со користење на повеќефазен програмски пристап;<br>- Договор за обештетување од страна на државата за финансирање на ТЕН-Т проектот за Автопатот од Скопје до границa со Косово. | Проектот за фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани;<br>- Договор за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3;<br>- Договор за гаранција на обврските по Договор за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за фотонапонска електроцентрала Битола 3;<br>- Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;<br>- Амандман на Договорот за заем за Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор;<br>- Договор за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан со користење на повеќефазен програмски пристап, | |
| Предлог-одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во Европската банка за обнова и развој | Усвоена Предлог-одлука од страна на Владата на 63-та седница одржана на 25.03.2025 година и објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.69/25 од 01.04.2025 година | Доставено известување до Европската банка за обнова и развој за Одлуката за именување на новиот заменик гувернер на Република Северна Македонија | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за потребата од склучување договор за грант за Проектот „Енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови во Република Северна Македонија", со усогласен текст на Договор за грант | Информацијата е усвоена од страна на Владата на 86-та седница одржана на 24.06.2025 година. | Договорот за грант е потпишан на 11.07.2025 година. | |
| Предлог Одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите | Усвоена Предлог-одлука од страна на Владата на 129-та седница одржана на 18.11.2025 година и објавена во „Службен весник на РСМ" бр.235/25 од 20.11.2025 година. | Доставено известување до Светска банка за Одлуката за именување на новиот заменик гувернер на Република Северна Македонија. | Предлог-одлука за именување на заменик гувернер на Република Северна Македонија |
| Информација за потребата од склучување на Договор за грант за дополнително финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународно здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на Инвестициската рамка за Западен Балкан | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 9-та седница одржана на 22.07.2025 година. | Договорот за грант е потпишан на 01.08.2025 година. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана. |
| Информација за потребата од склучување на Договор за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на ТЕН-Т Проектот за автопат од Скопје до границата со Косово | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 138-та седница одржана на 23.12.2025 година. | Ќе следи потпишување на Договорот за грант меѓу Јавното претпријатие за државни патишта и Европската банка за обнова и развој и Договор за обештетување од страна на државата меѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за финансирање на ТЕН-Т Проектот за автопат од Скопје до границата со Косово. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за изразен интерес од меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за финансирање на проектот Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2-наводнување и фаза 3-производство на електрична енергија | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 118-та седница одржана на 07.10.2025 година. | Доставено известување до Светска банка дека е избрана да го финансира проектот: Подобрување на искористувањето на водите од басенот на реката Злетовица, фаза 2 - наводнување и фаза 3 - производство на електрична енергија. | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година , но е реализирана. |
| Предлог Одлука за зголемување на придонесот на Република Северна Македонија во Меѓународните Здружение за развој | Усвоена е Предлог-одлука од страна на Владата 99-та седница одржана на 05.08.2025 и објавена во „Службен весник на РСМ“ бр.162/25 од 06.08.2025 година. | Инструментот за обврзувања кај ИДА е потпишан и доставен | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана |
| Информацијата за потребата од склучување на Амандман број пет на Договорот за грант за развојна цел меѓу САД и РСМ за развојната цел: РСМ е просперитетно, самоодржливо и инклузивно демократско општество | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 114-та седница одржана на 23.09.2025 година | Амандман број пет на Договорот за грант е потпишан на 29.09.2025 година | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од склучување на Договор за грант за Проектот за олеснување на трговијата и транспортот на Западен Балкан со користење на повеќефазен програмски пристап помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Меѓународната банка за обнова и развој и Меѓународно здружение за развој, во својство на водечки финансиски институции на WBIF – SSTP, со усогласен договор | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 133-та седница одржана на 02.12.2025 година | Договорот за грант е потпишан на 24.12.2025 година | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од враќање на повлечените неискористени средства од заемот од Банката за развој при Советот на Европа наменети за финансирање на Проектот за изградба на Регионална клиничка болница Штип | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 71-та седница одржана на 29.04.2025 година и последователно на 76-та седница одржана на 20.05.2025 година. | На 26.06.2025 година, склучен е Амандман бр. 1 на Договорот за повлекување на средства од 26.10.2017 година согласно кој средствата од заемот во износ од 2.437.199 евра Министерство за здравство еднократно на 02.07.2025 година ги врати на Банката за развој при Советот на Европа. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Информација за статусот на проектите што се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 82-та седница одржана на 10 јуни 2025 година | Информацијата е со статус заклучно со 31.12.2024 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2025 година и е реализирана |
| | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 114-та седница одржана на 23.09.2025 година | Информацијата е со статус заклучно со 30.06.2025 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |
| | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 138-та седница одржана на 23.12.2025 година | Информацијата е со статус заклучно со 30.09.2025 година. Податоците се обезбедени од надлежните министерства и институции задолжени за имплементација на проектите финансирани со заеми и инвестициски грантови | |
| Учество во Националниот инвестициски комитет | | | Секретаријатот за европски прашања, како надлежна институција, во 2025 година не организираше состаноци на Националниот инвестициски комитет |
| Учество во Стратешкиот одбор и во Оперативниот одбор на Инвестициската рамка за Западен Балкан | 7-от состанок на Стратешкиот одбор и Оперативниот одбор на Инвестициската рамка за Западен Балкан се одржа во април 2025 година. | | Оваа активност е планирана со Годишниот план за 2025 година и е реализирана |
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка по Договорот за заем за дополнително финансирање на Проектот за унапредување на основното образование | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на 98-та седница одржана на 01.08.2025 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието на 12.09.2025 година и потоа објавен во „Службен Весник“ бр. 193/25 од 12.09.2025 година. | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година, но е реализирана. |
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за дополнително финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на 138-та седница одржана на 23.12.2025 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието на 21 јануари 2026 година и е објавен во „Службен Весник“ број 13/26 од 23.01.2026 | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година, а е реализирана. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Обновување на товарниот возен парк“ на Железници на Република Северна Македонија АД, Скопје, по скратена постапка | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на 137-та седница одржана на 16.12.2025 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието на 26.12.2025 година и потоа е објавен во „Службен Весник“ бр. 266/25 од 29.12.2025 година. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана. |
| Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КфВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија, фаза 2 | Предлог-законот е доставен на 10.12.2025 година на разгледување и усвојување до Владата на Република Северна Македонија | Предлог-законот по усвојување од страна на Владата и Собранието ќе се објави во „Службен Весник“. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана. |
| Предлог на Закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за Фотонапонска електроцентрала Битола 3 и за дополнително финансирање на Проектот за ревитализација на хидроелектрани, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова - КфВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на 136-та седница одржана на 11.12.2025 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието на 17.12.2025 година и потоа е објавен во „Службен Весник“ бр. 255/25 од 17.12.2025 година. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2025 година, оваа активност е реализирана |
| Информација за потребата од примена на посебни правила за јавни набавки при проекти финансирани од Светска банка | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 114-та седница одржана на 23.09.2025 година | | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година, но е реализирана |
| Предлог-закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот на ЕСМ за Фотонапонска електроцентрала Битола 3, кој ќе се склучи меѓу Европска банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство | Предлог-законот е усвоен од страна на Владата на 136-та седница одржана на 11.12.2025 година. | Предлог-законот е усвоен од страна на Собранието на 17.12.2025 година и потоа објавен е во „Службен Весник“ бр. 255/25 од 17.12.2025 година. | Иако не е планирана со Годишниот план за 2024 година, оваа активност е реализирана |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка | | | |
| Информација за потребата од склучување Договор за обесштетување од страна на државата помеѓу Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии и Европската банка за обнова и развој за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици | Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 68-та седница одржана на 22.04.2025 година | Договорот за обесштетување од страна на државата за Проектот на ЕСМ за транзиција кон соларни фотоволтаици е склучен на 20.05.2025 година | Оваа активност не е планирана со Годишниот план за 2025 година и е реализирана |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| **2.1.6.5 Потпрограма: Управување со јавни инвестиции** | **Цел на потпрограмата:**<br>Процена и следење на јавните инфраструктурни проекти, пред сѐ од перспектива на фискалното влијание, ризиците и одржливоста | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со јавни инвестиции |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Обука на вработените за процена на проекти, преглед на прединвестициски студии и мониторинг на проекти | Показатели за успешност:<br>- спроведени обуки на вработените во Секторот<br>Планирани резултати:<br>- број на спроведени обуки за вработените во Секторот за управување со јавни инвестиции; | 4 спроведени обуки за вработените<br><br>Оваа активност се оценува како реализирана. | Вкупно беа реализирани 4 обуки, од кои со техничка помош од Светска Банка беа реализирани три обуки.<br>- Првата обука за обучувачи беше реализирана во месец април. Втората обука беше реализирана во месец јуни. Третата обука беше реализирана во месец јули со техничка помош на ОЕЦД. Четвртата обука беше реализирана за вработените во општините во месец декември со цел градење капацитети за општините. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развој и примена на општа методологија за процена на проектот и утврдување на цените во сенка | Показатели за успешност:<br>- спроведени процени/прегледи и дадени мислења за прединвестициски студии за јавни инфраструктурни проекти во согласност со усвоената методологија за процена;<br>Планирани резултати:<br>- број на спроведени процени/прегледи и дадени мислења за прединвестициски студии за јавни инфраструктурни проекти во согласност со усвоената методологија за процена | Над 100 спроведени прегледи на квалитет и дадени мислења за 41 образец за концепт на проект.<br><br>Оваа активност се оценува како реализирана. | Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 април 2025 година, ја донесе Уредбата за управување со јавни инвестиции, со што се воведува методологија за проценка на проекти за јавни инвестиции. Подготвени се Водич за подготовка на физибилити студија и Прирачник за процесот на управување со јавни инвестиции во Република Северна Македонија и објавени се на веб страната на МФ.<br>Во 2025 г. до МФ официјално се доставени 14 обрасци за концепт на проект, од кои 14 се одобрени како задоволителни. Во тек на проверка и ревидирање се 27 обрасци за концепт на проект кои се доставени до Секторот за управување со јавни инвестиции по електронски пат. |
| Воспоставување мониторинг заснован на ризик на централно ниво | - извештаи за следење на проектите за јавни инвестиции<br>Планирани резултати:<br>- број на извештаи за следење на проектите за јавни инвестиции | Добиени и прегледани 49 извештаи за следење на проекти за јавни инвестиции.<br><br>Оваа активност се оценува како реализирана. | Со усвојување на Уредбата за управување со јавни инвестиции, формално-правно е воспоставен мониторинг заснован на ризик на централно ниво. Министерството за финансии е во фаза на прибирање на извештаи за следење на проектите за јавни инвестиции кои се подготвуваат на квартално ниво од страна на институциите кои ги спроведуваат проектите.<br>До сега се добиени и прегледани 49 извештаи за следење на проекти за јавни инвестиции. Институциите кои не ги пополнија обрасците задоволително, добија насоки за корекција на обрасците. |
| Развој на краткорочно ИТ решение (ПИМИС) за управување со јавни инвестиции | Показатели за успешност:<br>- изготвено краткорочно ИТ решение за управување со јавни инвестиции<br>Планирани резултати:<br>- инсталирано краткорочно ИТ решение за управување со јавни инвестиции | ПИМИС е инсталиран на персонален компјутер во Секторот за управување со јавни инвестиции.<br><br>Оваа активност се оценува како реализирана. | Ексел базирано ИТ решение за управување со јавни инвестиции (ПИМИС) е изготвено и инсталирано во Секторот за управување со јавни инвестиции. Истото се пополнува со податоци за одобрените обрасци за концепт на проект и добиените извештаи за следење на тековни проекти. |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Екипирање на Секторот за управување со јавни инвестиции | Секторот за управување со јавни инвестиции во моментот брои 6 вработени од 14 планирани | Одложувањето на оваа активност нема да предизвика негативно влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата. | / |
| Развој на стандардни критериуми и подготовка на Предлог-одлука за критериуми за давање приоритет на предлог-проектите за јавни инвестиции | По забелешки од СЗ, беше констатирано дека нема правен основ да се носи Предлог-одлука, Министерството за финансии планира да подготви методологија за критериуми за давање приоритет на предлог-проектите за јавни инвестиции. Согласно донесената Уредба за управување со јавни инвестиции, во 2025 година нема да се врши приоритизација на проектите врз основа на критериуми, бидејќи првата конечна приоритетна листа ќе се состои само од предлог проекти за кои е подготвен образец за концепт на проект за кои не може да се одредува приоритет. Оттука, во 2025 година немаше основ да се развиваат и утврдат стандардни критериуми за давање приоритет на предлог-проектите за јавни инвестиции. | Одложувањето на оваа активност нема да предизвика негативно влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата бидејќи немаше правна основа да се реализира во 2025 година. | Оваа активност да се префрли во 2026 година. |

## 2.1.7 ПРОГРАМА: ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

<table>
<tr><td>Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:</td><td colspan="2">– професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелегенција, иновациите и на стартап екосистемот;<br>– обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување владеење на правото;<br>– економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br>– интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија.<br>Приоритетна цел:<br>– креирање системски политики за добро владеење и зголемување на транспарентноста и јакнење на интегритетот на носителите на функции и на раководните лица;<br>– одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;<br>– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и засилен мониторинг на користењето на и располагањето со јавните средства;<br>– унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;<br>– квалитетна подготовка, планирање, спроведување и известување за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на правото, за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократските институции и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците;<br>– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси.</td></tr>
<tr><td>Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:</td><td colspan="2">– одржување солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и засилен мониторинг на користењето на и располагањето со јавните средства;<br>– унапредување на системот на локалната самоуправа, продолжување на децентрализацијата, унапредување на фискалната децентрализација, фискалниот капацитет и финансиската дисциплина, транспарентноста и отчетноста на општините;<br>– ефективна и ефикасна заштита на финансиските интереси на Европската Унија и националните финансиски интереси;<br>– подобрување на законската институционална и оперативна рамка во превенција, откривање и борба против неправилностите и измамите при имплементација на фондовите од Европската Унија.</td></tr>
<tr><td>Назив на програмата:<br>2.1.7 Програма: Јавна внатршна финансиска контрола и финансиска инспекција во јавниот сектор</td><td>Цел на програмата:<br>Зајакнување на ефективноста на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата</td></tr>
<tr><td>2.1.7.1 Потпрограма: Јавна внатрешна финансиска контрола</td><td>Цел на потпрограмата:<br>– Зајакната внатрешна контрола во јавниот сектор</td><td>Одговорен:<br>– Сектор за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор</td></tr>
</table>

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Подготовка на модул за изготвување Годишен извештај за системот на внатрешна контрола во јавниот сектор и формирање мрежа на институции, единици за финансиски прашања и единици за внатрешна ревизија во рамки на ИФМИС | Оваа активност се спроведува во рамки на ИФМИС.<br>Реализацијата на оваа мерка зависи од повеќе меѓусебно поврзани фактори. Пред сè, развојот на нов модул во рамки на ИФМИС бара значајни технички, финансиски и човечки ресурси, како и координација помеѓу повеќе институции. | Реализацијата на мерката е од клучно значење за унапредување на ефикасноста и стандардизацијата на процесот на известување во рамки на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Воспоставувањето на посебен модул во ИФМИС се очекува да обезбеди усогласеност во пристапот на институциите при изготвување на извештаите, како и конзистентност во квалитетот и нивото на деталност на податоците.<br>Понатаму, воспоставувањето на функционална мрежа на институции (ЕФП и ЕВР) ќе придонесе кон подобрување на координацијата, олеснување на размената на информации и добри практики, како и кон зајакнување на институционалните капацитети. На овој начин се поддржува унапредување на транспарентноста, зајакнување на аналитичката основа за донесување одлуки и подобрување на механизмите за следење на состојбите и напредокот во јавниот сектор, на централно и локално ниво. | Оваа активност се спроведува во рамки на ИФМИС.<br>Во Јули 2023 година заедно со експертите коишто работат на техничката спецификација и работното тело, ЦЕХ учествуваше во креирање на нов модул за ЈВФК во техничката спецификација за ИФМИС.<br>Спроведувањето на оваа мерка продолжува и во текот на 2026 година, со цел обезбедување на понатамошен развој и функционалност на системот. |
| Спроведување обука и испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор | Реализацијата на оваа мерка е условена од донесувањето на соодветните подзаконски акти со кои се уредува предметната област. Во таа насока, ЦЕХ ги изготви подзаконските акти, при што нивните нацрт-верзии се доставени на мислење до СЗ.<br>По нивното конечно усвојување и објавување, ќе следи продолжување на активностите за целосна имплементација на мерката.<br>Паралелно со ова, подготвени се наставни материјали/учебници за трите модули (внатрешна ревизија, финансиско | Реализацијата на мерката има значајна улога во обезбедувањето на континуирано јакнење на капацитетите и квалитетот на внатрешната ревизија во јавниот сектор. Во тој контекст, нејзината динамика на спроведување може да влијае врз достапноста на квалификуван кадар, како и врз понатамошното унапредување на практиките и усогласеноста со релевантната законска и подзаконска рамка.<br>Дополнително, мерката придонесува кон поддршка на институционалниот развој и има своја улога во процесот на ЕУ- | За спроведување на испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор неопходно е донесување на подзаконските акти од соодветната област, на кои ЦЕХ работи интензивно.<br>Во оваа насока, ЦЕХ изготви "Правилник за начинот за организирање, пријавување, полагање на испитот, известувањето за резултатите од испитот, формата и содржината на обрасците за организирање, пријавување, полагање и известување за резултатите од испитот за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | управување и контрола и сметководство), како и база од 200 прашања по модул, што претставува солидна основа за понатамошна реализација на активностите. | интеграција, особено во рамки на Поглавје 32 (Финансиска контрола), преку постепено усогласување со европските/меѓународните стандарди и практики. | јавниот сектор и начинот на стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор за лицата кои поседуваат меѓународен сертификат за овластен внатрешен ревизор (CIA) издадено од институтот за внатрешни ревизори (IIA) или центарот за извонредност во финансиите (CEF) и овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA)", "Правилник за формата и содржината на уверението за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор" и "Програма за спроведување испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор" и истите се доставени на мислење до СЗ.<br>Дополнително, подготвените материјали (учебници) за трите модули (внатрешна ревизија, финансиско управување и контрола и сметководство), како и базата на претходно изготвени прашања (60 прашања по модул) се ажурирани и заедно со новите 140 прашања по модул се преведени на македонски јазик.<br>Спроведувањето на оваа мерка продолжува и во текот на 2026 година. |
| Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2025 година | Подготвен Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2025 година | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | ЦЕХ го подготви Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година, и истиот по одобрување од страна на Министерот за финансии и Државниот секретар, на 31.07.2025 година се достави на разгледување/усвојување во Влада.<br>Владата на РСМ, на Сто и осумнаесеттата седница, одржана на 7 октомври 2025 година, го разгледа и го усвои (со одредени заклучоци) Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Од страна на ЦЕХ, заклучоците се проследени до сите надлежни/соодветни органи за кои истите се однесуваат. |
| Координирање обуки за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија, како и одржување обуки преку Академијата за јавни финансии, од областа на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија | Координирани и организирани обуки за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и на внатрешната ревизија<br><br>Одржани обуки од областа на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија преку Академијата за јавни финансии (АЈФ) | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | ЦЕХ интензивно работеше во делот на координација, организирање и одржување на обуки од областа на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.<br>- ЦЕХ, преку АЈФ организираше и спроведе обука за<br>• “Процес на управување со ризици”, по новата Методологија за управување со ризици кај јавните субјекти,<br>• “Внатрешна ревизија – основно ниво”,<br>• “Подготовка на Програма за обезбедување и унапредување на квалитетот на внатрешната ревизија”.<br>(Обучувач на овие обуки беше Раководителот на ЦЕХ).<br>- ЦЕХ спроведе проценка на потребите за обука во областа на ФУК и ВР.<br>- Под координација на ЦЕХ ВР на централно и локално ниво учествуваа на вебинар организиран од страна на PEMPAL-IACOP.<br>- Вработени од ЦЕХ учествуваа на SMART Interactive Talk: Thematic Meeting for IACOP Members and CHU Representatives.<br>- ЦЕХ, со поддршка на проектот, преку АЈФ организира дводневна обука на тема “Ад-хок ревизија на системот на внатрешни контроли во процесот на спроведување на активностите од Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027”, две еднодневни обуки на тема ”Раководна отчетност: концепти и дефиниции”, една еднодневна обука на тема “Обука за внатрешна ревизија за вработените од единицата за внатрешна ревизија на АД Електрани на Северна Македонија”, како и настан на тема “Придобивките од |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | функцијата на внатрешната ревизија и процесот на управување со ризици во АД "Електрани на Северна Македонија" наменет за високото раководство на овој субјект. |
| Спроведување проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и работењето на внатрешната ревизија | Спроведена проверка на квалитетот на финансиското управување и контрола и на внатрешната ревизија | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | - ЦЕХ, во улога на координатор беше вклучен во проверка/ад хок ревизија во "ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје" и во "Министерството за односи меѓу заедниците". За овие проверки/ад хок ревизии издадени се конечни ревизорски извештаи.<br>- Под координација на ЦЕХ спроведени се 6 ад-хок ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од "Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027" од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан, притоа се издадени 6 конечни ревизорски меморандуми, кои се доставени до соодветните институциите опфатени со овие ревизорски ангажмани.<br>Во тек е спроведување се две ад-хок ревизии на системот на внатрешни контроли кај два јавни субјеки, од страна на ЦЕХ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поглавје 32 - Финансиска контрола – спроведување на активностите во согласност со „Одлуката за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 200/2022 и измените) | Поглавје 32 - Финансиска контрола - целосно спроведени активности за работната група | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | Координирани се сите активности и подготвени се сите потребни документи во врска со поглавјето по барање на СЕП и ЕК.<br>Координација на целокупната активност и подготовка на финален документ односно ажурирање на придонесот за годишниот извештај на ЕК за 2025 година за Република С. Македонија, за Поглавје 32.<br>Анализа на Извештајот за напредокот на Република С. Македонија за 2025 година, во делот на ЈВФК (Поглавје 32), како и подготовка на соодветна информација на ниво на поглавје за потребите на информирање на раководството на МФ за утврдената состојба и дадените препораки од страна на ЕК поврзано со Поглавје 32. |
| Активности поврзани со учество во работната група за Поглавјето 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти | Спроведени активности поврзани со учество во работната група за Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | Подготвени се сите потребни документи во врска со поглавјето по барање на СЕП и ЕК.<br>Учество во подготовка на материјал за потребите на ажурирање на придонесот за годишниот извештај на ЕК за 2025 година за Република С. Македонија, за Поглавје 22.<br>Анализа на Извештајот за напредокот на Република С. Македонија за 2025 година, во делот на Поглавје 22. |
| Анализа на документацијата доставена од единиците за финансиски прашања | Спроведена анализа на документацијата доставена од единиците за финансиски прашања од институциите на централно и локално ниво | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | Од страна на ЦЕХ во континуитет се анализирани сите документи, кои согласно законската регулатива се доставуваат од страна на единиците за финансиски прашања од институциите на централно и локално ниво. |
| Анализа на документацијата доставена од единиците за внатрешна ревизија | Подготовка на мислења во врска со конечните извештаи од ДЗР и мислења по барање на институциите во врска со јавната внатрешна финансиска контрола | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | Од страна на ЦЕХ во континуитет се анализираат сите документи, кои согласно законската регулатива се доставуваат од страна на единиците за внатрешна ревизија од институциите на централно и локално ниво. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на мислења во врска со конечните извештаи од ДЗР и мислења по барање на институциите во врска со Јавната внатрешна финансиска контрола | Координација на активностите и активно учество во имплементација на проектот “Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии”, во делот на ЈВФК. | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | Од страна на ЦЕХ, во текот на 2025 година изготвени се вкупно:<br>• 45 мислења во врска со конечните извештаи на ДЗР,<br>• 34 мислења по Акциски планови на институциите,<br>• 17 мислења по информации/известувања за преземени активности по акциски планови,<br>• 3 мислења по извешти/годишни извештаи на ВР од различни институции (на барање на ГС),<br>• 3 мислења за извршени вонредни ревизии по Заклучок на Влада,<br>• 31 мислење по извештаи на независен ревизор (инпут за обединето мислење до Сектор за буџети и фондови и Финансиски систем),<br>• по барање на институциите се изготвени 3 мислења/одговори во врска со јавната внатрешна финансиска контрола,<br>подготовка на одговор по итни точки за седниците на Влада и Генерален колегиум. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Реформска агенда - активностите во надлежност на Централната единица за хармонизација | Спроведени реформи (активности и чекори) предвидени со Реформската агенда од областа на ЈВФК за кои е одговорна ЦЕХ | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | - Чекорот предвиден со РА, во надлежност на ЈВФК, со рок за реализација декември 2025, "Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување" е реализиран. Заклучно со 26.12.2025 година, до ЦЕХ-МФ се доставени Регистри на ризици од 64 (76%) институции со што се оствари минималниот лимит од условот односно 70% од буџетските корисници прва линија да имаат регистри на ризици, со утврдени ризици од корупција и мерки за намалување на ризиците. Во меѓувреме МФ-ЦЕХ подготви и достави до Владата Извештај за информирање за исполнување на овој чекор, оваа Информација е усвоена од Владата на 138-та седница одржана на 23.12.2025 година.<br>- Чекорот предвиден со РА, во надлежност на ЈВФК, со рок за реализација декември 2025, "Најмалку 80% од буџетските корисници на централно ниво и 75% на локално ниво да поднесуваат извештај за извршените внатрешни ревизии [во однос на фискалната 2024 година]" е реализиран. На 31.07.2025 г. до Влада е поднесен Годишен извештај за ПИФК каде е наведено дека овој чекор е исполнет. На централно ниво, од потребните 80%, 81% од буџетските корисници поднеле извештај за извршени внатрешни ревизии (т.е. доставен Прилог 5 - Извештај за извршени ревизии и активности за внатрешна ревизија за 2024 година), додека на локално ниво, од потребните 75%, 77% од буџетските корисници поднеле извештај за извршени внатрешни ревизии (т.е. доставен Прилог 5 - Извештај за извршени ревизии и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | активности за внатрешна ревизија за 2024 година). Учество на координативни состаноци за подготовка на потребните документи, и следење на реализацијата на предвидените активности.<br>- МФ-ЦЕХ подготви и достави до МЕП Консолидиран извештај од извршени ад-хок/планирани ревизии на системот на внатрешни контроли на процесот на спроведување на активностите од “Реформската агенда на Северна Македонија 2024-2027” од Инструментот за реформи и раст на Западен Балкан со рок на доспевање декември 2025 година<br>Раководителот и Помошник раководителот на ЦЕХ активно учествуваат на работни состаноци во врска со контролата и ревизијата на Реформската агенда.<br>Раководството на ЦЕХ учествуваше на дводневна обука организирана од страна на ЦЕФ и МЕП, на тема “Practical Training on Reform Agenda Reporting”.<br>Раководството на ЦЕХ учествуваше на состанок со клучниот експерт на проектот, како и со претставникот на ДЕУ, во врска со прашања од областа на ЈВФК, како и за нивото на исполнување на чекорите предвидени со Реформската агенда, во надлежност на ЈВФК.<br>Раководството на ЦЕХ учествуваше на состанок во МЕП, со претставници од институциите и претставници од Кабинетот на премиерот во врска со статусот на реализација на чекорите од Реформската агенда (рок декември 2024 година, јуни 2025 година и со рок декември 2025 година), како и за можните ризици за исполнување на чекорите.<br>Раководството на ЦЕХ учествуваше на онлајн состанок со ЕК за реферирање (следење и известување) за статусот на исполнување на чекорите (по однос на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Извештаите за извршени ревизии и Управувањето со ризици) со рок за реализација - декември 2025, во делот на реформата – зајакнување на ЈВФК.<br>Раководството на ЦЕХ учествуваше на работен состанок во МЕП во врска со анализата на прашалникот на KPMG во врска со спроведување на системска ревизија на Инструментот за реформи и раст. Дополнително, ЦЕХ изврши детална анализа на овој прашалник, и даде соодветни насоки за тоа кое прашање во надлежност на која институција е.<br>ЦЕХ изготви мониторинг табели за следење на реализацијата/ спроведувањето на чекорите предвидени со Реформската агенда во делот на ЈВФК, односно за чекорите кои се однесуваат на годишните извештаи за ВР и процесот на управување со ризици, со рок за реализација - декември 2025. |
| Координација на активностите и активно учество во имплементација на проектот “Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии”, во делот на ЈВФК. | Навремено и квалитетно спроведување на сите планирани активности во рамки на проектот во делот на ЈВФК | Очекуваните резултати се целосно постигнати | Проектот “Поддршка на имплементацијата на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии” почна со имплементација на 10 февруари (2025).<br>ЦЕХ активно е вклучено во спроведувањето на предвидените активности со овој проект, спроведувањето на активностите е според планирата динамика.<br>(Оваа активност не е планирана во ГП) |
| Патоказ за Реформа на јавна администрација (РЈА), во делот на управување со јавни финансии (УЈФ) | Координација на активностите и активно учество во ажурирање на податоците во врска со Патоказот за РЈА, во делот на УЈФ | Очекуваните резултати се целосно постигнати | Раководителот на ЦЕХ во својство на Координатор на Патоказот за РЈА во делот на УЈФ, активно е вклучен во процесот на координација и ажурирање на податоците во врска со оваа активност.<br>По барање на МЕП, ажуриран е Патоказот за РЈА во делот на УЈФ, со претходна координација и комуникација со засегнатите страни, и истиот е доставен до МЕП и МЈА.<br>(Оваа активност не е планирана во ГП) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Подготовка на подзаконски акти, прирачници и упатства по усвојувањето на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор | Подготовка на подзаконски акти, прирачници и упатства по усвојувањето на Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор | Воспоставените цели за 2025 г. се целосно постигнати | За следење на подготовката/донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од законот, ЦЕХ изготви Акциски план за донесување на предвидените подзаконски акти.<br>ЦЕХ изготви:<br>• “Тарифник за висината надоместок за полагање на испит за стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор, за учество на обука за раководителите и лицата вклучени во координацијата на развојот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и паричен надоместок за обучувачи”.<br>• “Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог” (објавен во Службен весник на РСМ бр. 109/2025).<br>• “Нацрт Правилник за престанување на важењето на Правилникот за Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори”, “Нацрт Правилник за престанување на важењето на Правилникот за Повелбата за внатрешната ревизија”, “Нацрт Објава за престанување на важењето на Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија”, “Нацрт Уредба за престанување на важењето на Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите”, истите се доставени на мислење до СЗ.<br>• “Правилник за начинот за организирање, пријавување, полагање на испитот, известувањето за резултатите од испитот, формата и содржината на обрасците за организирање, пријавување, полагање и известување за резултатите од испитот за стекнување уверение за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор и начинот на стекнување уверение за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор за лицата кои поседуваат меѓународен сертификат за овластен внатрешен ревизор (CIA) издадено од институтот за внатрешни ревизори (IIA) или центарот за извонредност во финансиите (CEF) и овластениот институт за јавни финансии и сметководство (CIPFA)", и заедно со "Правилник за формата и содржината на уверението за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор" и "Програма за спроведување испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор" се доставени на мислење до СЗ. По добиеното мислење од страна на СЗ, ЦЕХ активно работи за ажурирање/дополнување на истите согласно добиените насоки.<br>• "Правилник за рамката за внатрешни контроли" и истиот е доставен на мислење во СЗ. По добиеното мислење од страна на СЗ, ЦЕХ истиот соодветно го дополни/ажурира согласно добиените насоки/укажувања и го достави на повторно мислење во СЗ.<br>• "Методологија за управување со ризици кај јавните субјекти", објавена на веб страната на МФ и доставена до сите засегнати страни.<br>• "Упатство за подготовка на Стратегија за внатрешна ревизија и Годишен план за внатрешна ревизија"- објавено на веб страната на МФ и доставено до сите засегнати страни.<br>• "Насоки за спроведување на ИТ ревизија"- објавени на веб страната на МФ и доставени до сите засегнати страни и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | “Насоки за спроведување на Ревизија на успешност”, објавени на веб страната на МФ и доставени до сите засегнати страни. |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.1.7.2 Потпрограма: Финансиска инспекција во јавниот сектор** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола, спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор, подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ;<br>– Заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување преку спроведување финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор;<br>– Подобрување на законската, институционалната и оперативната рамка во превенцијата, откривањето и борбата против неправилностите и измамите при имплементацијата на фондовите на ЕУ. | | **Одговорен:**<br>– Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Спроведување инспекција над трошењето на јавните средства од страна на субјектите од јавниот сектор | Извршени финансиски инспекции | Спроведување на финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор | Континуирано се спроведува финансиска инспекција кај субјектите од јавниот сектор врз основа на закон |
| Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2024 година | Изготвен Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2024 година | | Изготвен е Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2024 година, кој е разгледан од Владата на РСМ како материјал за информирање на седницата одржана на 07.10.2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Финализирање на конечните подзаконски и интерни акти кои произлегуваат од новиот Закон за финансиската инспекција во јавниот сектор и нивна објава во Службен весник на РСМ и/или на веб-страницата на Министерството за финансии | | | Во финална фаза на доработка е Упатството за начинот на следење, мерење и проценка на ефективноста на финансиската инспекција во јавниот сектор, а подготвена е и нацрт Процедура за вршење на финансиска инспекција, која е доставена до тимот за квалитет во Министерството за финансии за одобрување |
| Спроведување на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ | Процент на реализација на Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за борба против измами за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија - 73% | ИПА структури и институции кои се дел од АФКОС мрежата | Од вкупно 34 активности предвидени во Акцискиот план 25 активности се реализирани, 6 активности се во тек на реализација и 3 активности се нереализирани. |
| Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2022–2025 година со Акциски план за 2024 година | Изготвен Годишен извештај за спроведување во 2024 година на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија 2022–2025 година со Акциски план за спроведување 2024 – 2025 година | ИПА структури и институции кои се дел од АФКОС мрежата | Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2022–2025 година со Акциски план за 2024 година е разгледан од Владата на РСМ како материјал за информирање на седницата одржана на 07.10.2025 година. |
| Информација за подготовка на Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2026–2030 година со Акциски план за спроведување | Подготвена Информација за Национална стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ 2026–2030 година со Акциски план за спроведување | ИПА структури, институции кои се дел од АФКОС мрежата, ВРСМ, ЕУД и ОЛАФ | Во соработка со институциите на АФКОС системот, изработен е нацрт текст на Стратегијата за борба против измами и заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ за периодот 2026-2030 година, кој е доставен на мислење до ОЛАФ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поглавје 32 - Финансиска контрола, спроведување на активностите во согласност со „Одлуката за воспоставување структура за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија" („Службен весник на РСМ" бр. 200/22 и 224/22) | Придонес во исполнувањето на препораките дадени во Извештајот на Европската комисија во врска со напредокот на РСМ за Поглавјето 32 | | - Доставен е одговор на прашалникот до координаторот на Поглавје 32 по барање за подготовка на придонесот кон Извештајот на ЕК за Поглавје 32 Финансиска контрола.<br>- Даден е придонес во ажурирање на нацрт-верзијата од документот за преговарачките позиции за Поглавјето 32.<br>- Подготвени се квартални извештаи за 2025 година за работењето на секторот по барање на претставник на Европската делегација во Скопје.<br>- На 07.10.2025 година раководителот на сектор и раководителот на АФКОС одделението присуствуваа на on-line состанок на 22-ториот Поткомитет ЕКФИН и дадени се забелешки на нацрт записникот.<br>- Доставени се забелешки на Извештајот на ЕК за 2025 година во делот на АФКОС до координаторот на Поглавје 32. |
| Уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија | Усвоена Уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија од страна на ВРСМ | | Уредбата за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ е донесена од Владата и објавена во „Сл. весник на РСМ" бр.15 од 24.01.2025 |
| Закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) | Изготвен Предлог Закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор (*) | | Законот за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор е донесен и објавен во „Сл. весник на РСМ" бр.37/2025 |

**ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ**

| Мерка/активност | Образложение | Влијание | Препорака |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

## 2.1.8 ПРОГРАМА: УПРАВУВАЊЕ СО ДРЖАВНИ СРЕДСТВА

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – економско заживување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого.<br>Приоритетна цел:<br>– зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата. | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – зајакнување на финансиската и макроекономската стабилност и зголемување на конкурентноста на економијата | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.1.8 Програма: Управување со државни средства** | **Цел на програмата:**<br>Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките за експропријација, како и имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање и управување со имотот стекнат по разни основи и наплата на побарувањата од должниците | | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи<br>– Сектор за управување со средства |
| **2.1.8.1 Потпрограма: Нормативно имотно-правни и облигациони работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>Забрзана динамика на процесот на приватизација на градежното земјиште во државна сопственост и на постапките за експропријација, имплементација на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и управување со системот за електронско јавно наддавање | | **Одговорен:**<br>– Управа за имотноправни работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Имплементација на Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост | Број на завршени предмети за приватизација на градежно земјиште во државна постапка | Бројот на решени предмети постојано се зголемува, а напредокот се следи преку месечните извештаи за бројот на завршени постапки за приватизација и бројот на постапките што се во тек, кои се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирано |
| Имплементација на Законот за експропријација | Навремено и итно завршување на предметите за експропријација согласно законските рокови | Напредокот во завршувањето на предметите се следи преку извештаите за реализација на конкретните проекти од јавен интерес, коишто се доставуваат од подрачните одделенија | Континуирано |
| Тековно давање мислења согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | Континуирано и навремено изготвување мислења до Владата на Република Северна Македонија, државни органи, институции основани од државата и други физички и правни лица | Навремено изготвување мислења согласно роковите дадени од Владата на Република Северна Македонија | Континуирано |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Управување со системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирано одржување на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Редовно и ефикасно одржување и функционирање на системот за електронско јавно наддавање за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари во државна сопственост | Континуирано |
| Навремено и ефикасно давање одговор по поднесени претставки и предлози согласно Законот за постапување по претставки и предлози | Број на одговорени претставки и предлози | Доставување одговор на претставките во рокот определен во Законот | Континуирано |
| Постапување по барања и други поднесоци упатени до Управата за имотноправни работи од страна на подрачните одделенија или од други органи, физички и правни лица | Навремено доставување на одговор на доставените барања и поднесоци | Навремено изготвување одговор | Континуирано |
| Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост | | | Законот за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопствност и со стварите во општинска сопственост и со стварите во општинска сопственост е донесен и објавен во („Службен весник на Република Северна Македонија“) бр.193/25. Со измените, Владата повеќе не е надлежна за давање согласност на институциите за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, односно одговорното лице кое управува со државниот орган, или органот на упрвување е должно да ги предаде стварите на соодветното правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одлука за запишување на правото на користење на Министерството за финансии за деловни простории кои ги користи подрачното одделение | **Запишување на право на користење на недвижниот имот кој го користи МФ - УИПР** | | Имено, со цел регулирање на статусот на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение на УИПР во Гази Баба Скопје, донеесна е Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии под бр.50-13625/7 од 22.07.2025 година.<br>**Имено, со цел регулирање на статусот на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение на УИПР во Гостивар, донесена е Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии под бр.50-2233/4 од 18.03.2025 година).<br>*** Имено, со цел регулирање на статусот на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение на УИПР во Кочани, донесена Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии под бр.50-2231/4 од 18.03.2025 година.<br>***Имено, со цел регулирање на статусот на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение на УИПР во Тетово, донеесна е Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии под бр.50-1820/4 од 11.03.2025 година.<br>*** Имено, со цел регулирање на статусот на недвижниот имот кој го користи подрачното одделение на УИПР во Кавадарци, донеесена е Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, под бр.50-2232/4 од 18.03.2025 година |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| Закон за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост. | Во тек се консултации со релевантните државни институции за текстот на Предлог-Законот за изменување и доплнување на Законот за приватзиација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост. | Предложените законски решенија се во насока да се доуредат и допрецизираат условите, начинот и постапката за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост.<br>Одложувањето на оваа активност нема да предизвика негативно влијанието врз постигнувањето на резултатите и целите на програмата/потпрограмата бидејќи истата се реализира тековно согласно важечките одредби од Законот. | Ќе се продолжи со постапката за меѓуинституционално усогласување и донесување на законот во 2026 година. |

| **2.1.8.2 Потпрограма: Наплата на побарувања од должниците** | **Цел на потпрограмата:**<br>Наплата на побарувања, ажурирање на портфолиото со бришење на отпишаните побарувања и потврдување на реалната состојба со активните побарувања, продажба на недвижен имот стекнат во стечајни и извршни постапки | | **Одговорен:**<br>– Сектор за управување со средства |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планиран резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Писмена преписка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија (барање известувања и одговори за состојбата на поведените постапки) | Соработка со Државното правобранителство за преземање на мерки за иницирање на нови постапки, ефикасно завршување на поведените постапки и преземање на мерки за реализација на правосилни и извршни акти и мерки за преземање на имот стекнат во стечајни и извршни постапки | Соработка со Државното правобранителство | Континуирано |
| Барање за нови процени и ургенции за процена на имот до Бирото за процена | Доставени барања/ургенции за процена до Бирото за процена | Соработка со Бирото за процена | Континуирано |
| Постапување по одлуки на Управниот суд и на Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (донесување управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставување до првостепените органи | Соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | Континуирано |
| Спроведување на Акцискиот план за попис на имот | Спроведен акциски план за попис на имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Извештај на Комисијата за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Изготвен Извештај за попис на побарувањата и обврските и на недвижен и движен имот | Сметководствена евиденција и состојба на лице место | |
| Завршни сметки | Изготвени завршни сметки | Сметководствена евиденција | |
| Поднесување опомени и известувања до должници | Поднесени опомени и известувања до должници | Соработка со Државното правобранителство | Континуирано |
| Продажба на имот стекнат во постапка за наплата на побарувања за кој се добиени процени од Бирото за судски вештачења | Изготвени Информации до Владата на Република Северна Македонија со предлог одлуки за продажба на имот | Соработка со Комисијата за располагање со недвижни и движни ствари сопственост на Република Северна Македонија корисник Министерство за финансии | Континуирано |
| Постапување по заведени управни спорови пред Управниот и пред Вишиот управен суд согласно Законот за управни спорови (дописи до првостепените органи, одговори на тужби и одговори на жалби до судовите) | Изготвени дописи/одговори на тужби/одговори на жалби до првостепените органи/Управен суд | Соработка со Управниот суд, Вишиот управен суд и првостепените органи | Континуирано |
| Обезбедување комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Обезбедена комплетна административно-техничка поддршка за следење на наплатата на побарувањата | Сметководствена евиденција | Континуирано |
| Следење на почитувањето на одредбите од договорите и придржувањето на должниците до отплатата на утврдените ануитети од страна на должниците | Следење и преземање на мерки за наплата на побарувањата | Соработка со Државното правобранителство | Континуирано |
| Постапување по жалби изјавени против решенија за присилна наплата на судски такси (донесување управни акти) | Донесени управни акти во второстепена управна постапка и доставени до Управата за јавни приходи | Соработка со Управата за јавни приходи | Континуирано |
| Активирање на инструментите за задршка на средства за поврат на ДДВ и задршка на донации/поднесување барање за поведување судска постапка за наплата на побарувања | Навремено активирање на инструменти | Соработка со Сектор за трезор и Управа за јавни приходи | Континуирано |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

## 2.2 Оценка на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата за 2025 година

Иницијативи во надлежност на Министерството за финансии кои биле доставени до Владата на Република Северна Македонија согласно Годишната програма за работа за 2025 година

| Иницијативи доставени до Владата согласно Годишната програма за работа за 2025 година | Иницијативи кои биле предвидени согласно Годишната програма, а не се доставени | Организациона единица |
|---|---|---|
| 1. Годишен извештај за функционирањето на системот на јавна внатрешна финансиска контрола во 2024 година | | Сектор за централна хармонизација во системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор |
| 2. Информација за статусот на проектите коишто се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 31.12.2024 година (четврти квартал - 2024 г.) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| | 3. Информација за статусот на проектите коишто се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 31.3.2025 година (прв квартал) | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 4. Акциски план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2025 година | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 5. Информација за статусот на проектите коишто се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 30.6.2025 година (втор квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 6. Информација за статусот на проектите коишто се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за нив, заклучно со 30.9.2025 година (трет квартал) | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 7. Нацрт-полугодишен извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за 2025 година во врска со спроведувањето на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за периодот јануари–јуни 2025 година | | Сектор за меѓународни финансиски односи |
| 8. Предлог-програма на економски реформи за периодот 2025–2027 година | | Сектор за економска политика и развој |
| 9. Полугодишен извештај за извршувањето на Буџетот на Република Северна Македонија | | Сектор за економска политика и развој |
| | 10. Информација за состојбата со капацитетите во структурите на ИПА, трендот на одлив и/или прилив на човечки капитал во структурите на ИПА/ИПАРД и | Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |

| | | |
|---|---|---|
| | дефинирање следни чекори за негово задржување во постојните структури на ИПА/ИПАРД | |
| 11. Информација за статусот на имплементација на ИПА II и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2024 година | | Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| | 12. Информација за статусот на имплементација на ИПА II и преглед за процена на ризикот од неискористување на средствата од ИПА до крајот на 2025 година | Сектор за управување со средствата од инструментот за претпристапна помош - ИПА |
| 13. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2024 година | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| | 14. Извештај за спроведувањето на Националната стратегија за борба против измами и заштитата на финансиските интереси на Европската Унија за периодот 2022–2025 година со Акциски план | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 15. Информација за подготовката на Националната стратегија за борба против измами и заштита на финансиските интереси на Европската Унија во Република Северна Македонија за периодот 2026–2030 година со Акциски план | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 16. Предлог-закон за изменување на Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор (*) | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 17. Предлог-уредба за изменување на Уредбата за утврдување на структурата на системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ | | Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата |
| 18. Информација за донесувањето на Стратегијата за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2026–2028 (со изгледи до 2030 година) | | Сектор за управување со јавен долг |
| 19. Годишен извештај за управувањето со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 20. Предлог-одлука за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2026 година | | Сектор за управување со јавен долг |
| 21. Предлог-фискална стратегија на Република Северна Македонија за среднорочен период 2026–2030 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 22. Предлог-уредба за методологија за распределба на приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2026 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 23. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година | | Сектор за буџети и фондови |

| | | |
|---|---|---|
| 24. Предлог-завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 25. Предлог-буџет на Република Северна Македонија за 2026 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 26. Предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година | | Сектор за буџети и фондови |
| 27. Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет | | Сектор за трезор |
| 28. Полугодишен извештај за користењето на средствата од резервите на Централниот буџет | | Сектор за трезор |
| 29. Предлог-закон за приватизација на градежно земјиште | | Управа за имотноправни работи |
| 30. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот | | Сектор за финансиски систем |
| | 31. Предлог-закон за банките | Сектор за финансиски систем |
| | 32. Предлог-закон за системот за заштита на депозити | Сектор за финансиски систем |
| 33. Предлог-одлука за дваесет и четвртата емисија на обврзници за денационализација | | Сектор за финансиски систем |
| 34. Предлог-закон за осигурување | | Сектор за финансиски систем |
| 35. Предлог-закон за сметководство | | Сектор за финансиски систем |
| 36. Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура во согласност со регулативите на Европската комисија | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 37. Предлог-закон за изменување на Законот за данок на добивка | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 38. Предлог-закон за електронска фактура | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 39. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура во согласност со регулативите на Европската комисија (втор квартал) | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 40. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура во согласност со регулативите на Европската комисија (трет квартал) | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 41. Предлог-одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2026 година | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 42. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура во согласност со регулативите на Европската Комисија (Четврт квартал) | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |

| | | |
|---|---|---|
| | 43. Предлог-закон за административна соработка за даночни цели | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 44. Предлог за изменување на Законот за даночна постапка | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| | 45. Предлог на Царински закон | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 46. Предлог-среднорочна програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за периодот 2026–2030 година | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |
| 47. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви | | Сектор за јавни приходи, даночна и царинска политика |

## 2.3 Оценка на спроведувањето на другите активности што произлегуваат од надлежностите и работата на органот на државната управа

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | – Професионална и ефикасна јавна администрација поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники | | |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на органот на државната управа:** | – Административна и информатичка поддршка на Министерството со цел непречено функционирање, редовно сервисирање на обврските, спроведување внатрешна ревизија, собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата за потребите од набавка на стоки, услуги и работи, изработка, следење, спроведување постапки за јавни набавки, извештаи за реализација на Годишниот план за јавни набавки и изготвување акти за канцелариско и архивско работење | | |
| **Назив на програмата:**<br>**2.3.1 Програма: Администрација и поддршка** | **Цел на програмата:**<br>Непречено функционирање на Министерството за финансии, континуиран развој и одржување на инфраструктурата за ИКТ и одржување и ИТ поддршка на апликативните решенија, спроведување постапки за јавни набавки, подобрување на системот за управување со квалитет, спроведување внатрешна ревизија во Министерството и во субјектите со кои има склучено договор за вршење внатрешна ревизија, спроведување обуки и издавање сертификати и лиценци за јавни финансии и зајакнување на капацитетите во областите на финансиски прашања, стратешко планирање и човечки ресурси во Министерството за финансии | | **Одговорен:**<br>– Сектор за прани работи<br>– Сектор за општи работи<br>– Сектор за управување со човечки ресурси<br>– Сектор за финансиски прашања<br>– Сектор за внатрешна ревизија<br>– Сектор за ИТ технологија и дигитализација<br>– Одделение за стратешко планирање<br>– Сектор - Академија за јавни финансии |
| **2.3.1.1 Потпрограма: Правни работи** | **Цел на потпрограмата:**<br>– Реализација на Планот за јавни набавки заради непречено функционирање на Министерството, следење на реализацијата на склучените договори | | **Одговорен:**<br>– Сектор за правни работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и на планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за јавни набавки за 2025 година | Донесен Годишен план за јавни набавки за 2025 година во предвидениот законски рок и континуирана реализација на Планот за јавни набавки | Собирање, интегрирање, проверка и прифаќање на барањата на организационите единици за потребата од набавка на стоки, услуги и работи | Годишниот план за јавни набавки на Министерството за финансии е донесен во законскиот рок согласно Законот за јавните набавки |
| Спроведување на отпочнатите незавршени постапки за јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2024 година и спроведување на постапките за јавните набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | Завршени постапки започнати согласно Годишниот план за јавните набавки за 2024 година<br>Завршени постапки започнати согласно Годишниот план за јавни набавки за 2025 година, со исклучок на 13 (осумнаесет) постапки кои се во завршна фаза | Континуирано спроведување на постапките за јавните набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Склучување на договори за набавки за кои не се применува Законот за јавните наабвки | Склучен договор за соработка со Пошта на Северна Македонија- во државна сопственост | Остварување на меѓусебна деловна соработка помеѓу Министерството за финании и Пошта на Северна Македонија- во државна сопственост | Договорот е склучен во рок согласно со член 23 од Законот за јавните набавки |
| Спроведување набавки под вредносни прагови во согласност со Законот за јавните набавки | Реализирани барања за набавки под вредносни прагови во утврдените рамки во согласност со Законот за јавните набавки | Доставување на барања за набавки под вредносните прагови од организационите единици во согласност со Законот за јавните набавки | Одобрени барања за набавки под вредносните прагови во согласност со член 40 од Законот за јавните набавки<br>Одобрени БН Обрасци за 2025 година вкупно 60 Барања за набавки |
| Следење на реализацијата на Годишниот план за 2025 година | Завршување на постапките за јавни набавки предвидени во ГПЈН за 2025 година | Континуирано спроведување на постапките за јавни набавки предвидени со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | |
| Поднесување одговори по жалби до ДКЖЈН | Донесени решенија на ДКЖЈН со кои жалбите се одбиваат како неосновани | | Во овој период пристигнати се 2 (две) жалби во врска со спртоведени набавки и врз основа на тоа доставени с еодговори по истите. По решенија од ДКЖЈН жалбите на жалителите се одбиени како неосновани. |
| Изготвување на Анекс на договор за јавна набавка | Изготвување на Анекс на договор за јавна набавка по барање | Барање за изготвување на Анекс на договор | Изготвени, склучени и објавени 2 Анекс на договори во октомври и ноември<br>Образложение за првиот анекс на договор: По барање на Одделението за реализација-Сектор за правни работи изготен е анекс на договор, со цел промена на важноста на договор кој веќе беше склучен и беше со одложена примена.<br>Образложение за вториот анекс на договор: Анекс на договорот се однесува за промена на називот на носителот на набавката |
| Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени согласно годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат согласно Годишниот план за јавни набавки за 2025 година | Сметано од 1.09.2025 година се следеше реализацијата на договорите за јавни набавки / рамковни спогодби вкупно 89 договори склучени во 2024 и 2025 година. Реализацијата се вршеше со изготвување порачки/нарачки, известувања, инструкции, барања, следење на одредбите и законските прописи и евидентирање во воспоставените евиденции во Секторот за правни работи | Согласно со барањата и искажаните потреби на организационите единици во МФ | |
| Следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2025 година | Сметано од 1.09.2025 година се следеше реализацијата на договорите кои се исклучок од ЗЈН вкупно 2 со изготвување порачки/нарачки, известувања, барања, следење на одредбите и законските прописи | Согласно со барањата и искажаните потреби на организационите единици во МФ | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Раскинување на договор за јавна набавка | Согласност за раскинување на договор за јавна набавка поради неквалитетно извршување на договорот | Следење и прибирање на податоци за реализацијата на конкретниот договор | По дадено изјаснување од Секторот за општи работи за ненавремено и неквалитетно извршување на договорот Одделението за реализација при Секторот за правни работи изготви известување за раскинување на Договорот за одржување на лифтови во Министерството за финансии со наплата на банкарската гаранција согласно со договорот, оваа активност се реализира во месец октомври |
| Следење на реализацијата на договорите/анекси со СОЗР | Сметано од 1.09.2025 година се следеше реализацијата на договорите/анексите со СОЗР вкупно 3 со изготвување порачки/нарачки, известувања, барања, следење на одредбите и законските прописи | Согласно со барањата и искажаните потреби на организационите единици во МФ | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.3.1.2 Потпрограма: Општи работи** | **Цел на програмата/потпрограмата:**<br>– Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки | | **Одговорен:**<br>- Сектор за општи работи |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Следење на реализацијата на активните договори за јавни набавки склучени во согласност со годишните планови за јавни набавки за претходните години и договорите за јавни набавки што ќе се склучат во согласност со Годишниот план за 2025 година<br><br>* (Со последните промени во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии и | Во наведениот период континуирано се следи реализацијата на склучените договори за јавни набавки. | Воспоставени евиденции во Секторот за општи работи за следење и реализација на договорите за јавни набавки | Континуирано се вршеа порачки/нарачки за набавка согласно склучените договори за јавни набавки во 2024 година и ново склучените договори од 2025 година, а посебно за набавка на хартија, потрошен материјал за одржување на хигиена (тоалетна хартија, бришачи за раце, сапун) канцелариски потрошен материјал, за одржување и сервисирање на возилата на МФ и УИПР, објавување на огласи во печатени медиуми и објавување на огласи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесени во јуни 2025 година, направена е промена во надлежностите во Сектор за општи работи, при што одделението за реализација е во состав на Секторот за правни работи а со тоа и дел од надлежностите се распределени во тоа одделение.) | | | во Службен весник на РСМ, и следење на договорите |
| Спроведување постапки, склучување договори и следење на реализацијата на договорите чија постапка се спроведува без примена на ЗЈН во 2025 година<br>* (Со последните промени во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесени во јуни 2025 година, направена е промена во надлежностите во Сектор за општи работи, при што одделението за реализација е во состав на Секторот за правни работи а со тоа и дел од надлежностите се распределени во тоа одделение.) | | | Во овој период се склучија 2 договори без примена на ЗЈН:<br>- Договор за ангажирање на лице за ракување со објектите за одмор во Стар Дојран; и<br>- Договор за ангажирање на лице за ракување со објектите за одмор во Крушево |
| Следење на реализацијата на Договорот склучен со СОЗР за 2025 година и на анекс-договорите склучени со посредување на СОЗР во 2025 година<br>* (Со последните промени во Правилникот за внатрешна организација и работа на Министерството за финансии и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесени во јуни 2025 година, направена е промена во надлежностите во Сектор за општи работи, при што одделението за реализација е во состав на Секторот за правни работи а со тоа и дел од надлежностите се распределени во тоа одделение.) | | | Континуирано се следи реализацијата на Договорот склучен со СОЗР за 2025 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изготвување/подготовка на Решение за определување видови предмети за кои се води попис на документи/записи за 2026 година | | | Донесено Решение за определување видови предмети за кои се води попис на документи/записи за 2026 година, бр. 03-13486/1 од 26.12.2025 година |
| Изготвување/подготовка на План на архивските знаци за 2026 година | | | Донесен План на архивските знаци за 2026 година, бр. 03-12316 од 28.11.2025 година |
| Изготвување/подготовка на Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2026 година | | | Донесена Листа на документарен материјал со рокови за негово чување за 2026 година, бр. 03-12317 од 28.11.2025 година |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

| 2.3.1.3 Потпрограма: Човечки ресурси | Цел на програмата/потпрограмата:<br>– Зајакнување и развој на човечките ресурси во Министерството за финансии | | Одговорен:<br>– Сектор за управување со човечки ресурси |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| Изготвување Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии | Донесен Годишен план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за генерички обуки на вработените во Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски утврдениот рок | |
| Изготвување Годишен план за годишни одмори во Министерството за финансии | Донесен Годишен план за годишни одмори во Министерство за финансии во предвидениот рок | Годишниот план за годишни одмори во Министерство за финансии е донесен во планираниот рок | Континуирано се изготвуваат решенија за користење на годишниот одмор |
| Изготвување решенија за користење годишен одмор за сите вработени во МФ | | | Континуирано се изготвуваат решенија за користење годишен одмор |
| Изготвување Годишен план за вработување за 2025 година | Донесен Годишен план за вработување за 2025 година во предвидениот рок | Годишниот план за вработување на Министерството за финансии е донесен во планираниот и законски рок | |
| Спроведување постапка за управување со ефектот на вработените | | | Постапката е спроведена во законски утврдениот рок |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| / | / | / | / |

# 3 РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

## 3.1 Извештај за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2025 година

Во извештајот за реализацијата на Годишниот план за вработување за 2025 година, остварените активности се прикажани по следните основи, и тоа:

Табела 1. Реализирани распоредувања и/или унапредувања во рамките на институцијата

| Распоредувања | Унапредувања | Вкупно |
|---|---|---|
| 10 | 23 | 33 |

Табела 2. Реализирани распоредувања и/или унапредувања по припадност на заедница и род

| Род | м. 11 | ж. 22 |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **33** | |

Табела 3. Престанок на работен однос по причина

| Старосна пензија | Спогодбен престанок | Смрт | Неоправдано отсуство или по судска одлука | Мобилност | По барање на вработениот | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | 15 | 1 | 2 | 7 | 7 | **42** |

Табела 4. Престанок на работен однос по род

| Род | м.13 | ж. 29 |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **42** | |

Табела 5. Реализирани нови вработувања во институцијата по работни места

| Државен советник | Раководител на сектор | Помошник раководител на сектор | Раководител на одделение | Советник | Виш соработник | Соработник | Помлад соработник | Самостоен референт | Виш референт | Референт | Помлад референт | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | / | 1 | / | 9 | 5 | 4 | 52 | 18 | 3 | 1 | 3 | 96 |

Табела 6. Реализирани нови вработувања во институцијата по род

| Род | м. 26 | ж. 70 |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **96** | |

Табела 7. Реализирани преземања од други институции по работни места

| Државен советник | Раководител на сектор | Помошник раководител на сектор | Раководител на одделение | Советник | Виш соработник | Соработник | Помлад соработник | Самостоен референт | Виш референт | Референт | Помлад референт | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| / | 1 | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | 1 | / | / | 5 |

Табела 8. Реализирани преземања од други институции по род

| Род | м. 1 | ж. 4 |
|---|---|---|
| **Вкупно** | 5 | |

## 3.2 Извештај за реализацијата на Годишниот план за обуки

Министерството за финансии има донесено Годишен план за генерички обуки на административни службеници за 2025 година, со бр. 01-13651/1 од 31.12.2024, во согласност со член 58 став 1 од Законот за административни службеници и член 2 од Правилникот за содржината и формата на годишниот план за обуки на административните службеници и Извештајот за негова реализација и за него е добиена согласност од Министерството за јавна администрација. Обуките за стручното усовршување на административните службеници се генерички и специјализирани и можат да се организираат во училница или преку интернет пристап од работното место на административниот службеник до електронскиот систем за управување со обуки.

За реализација на планот за генерични обуки се изготвуваат полугодишни извештаи. Поради фактот што електронскиот систем за управување со обуки на Министерство за јавна администрација не беше во функција и покрај неколку обиди од страна на нашиот администратор не можеше да генерира извештај од електронскиот систем за да достави податоци, согласно со кои ќе можевме да доставиме извештај за реализација на нашиот годишен план за генерички обуки. За горенаведениот технички проблем навремено и за двата полугодишни периоди со допис е известено Министерството за јавна администрација.

# 4 ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

- Воениот конфликт во Украина, општата економска состојба во земјата и на меѓународно ниво, како и неизвесноста за нејзиното времетраење се дел од поголемите ризици.
- Заради изборниот процес дел од планираните активности се реализираа со одложени рокови, дел ќе се реализираат во 2026 година, а мал дел од планираните активности воопшто нема да се реализираат.
- Недоволниот број вработени лица во одредени сектори во однос на зголемениот обем на работа претставува ризик во исполнувањето на мерките и резултатите.

# 5 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Согласно резултатите од извршената анализа на обемот на работни места, а во насока на реализација на зацртаните цели и активности и за подготовка на наведените стратешки документи во Министерството за финансии и со цел намалување на флуктуацијата на човечки ресурси, потребно е постојано зајакнување на административните капацитети со доволен број стручни и професионално обучени службеници во одделни сектори и организациони единици.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди доставување соодветни податоци во утврдените рокови, а притоа податоците да бидат комплетни, проверени, кратки, јасни и точни, претходно одобрени и од државниот секретар, затоа што од квалитетот и навременото доставување на податоците зависи и квалитетот и навременоста на Извештајот.

Раководството на секторите/органот во состав треба да обезбеди поголема посветеност, односно должно внимание при планирањето, реализацијата, следењето на реализацијата и отчетноста.

Треба да се преземаат дополнителни напори за реализација на планираните активности во утврдените рокови, односно почитување на роковите за навремено извршување на активностите, а воедно и да се испитаат причините и последиците од несоодветното реализирање или нереализирање на планираните активности, примената на соодветните предлози за нивно надминување и потоа да се преземат соодветни мерки.